СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Првото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 мај 1997 година

Скопје, мај 1997 година

**ШЕЕСЕТ И ОСМА (68) СЕДНИЦА, I ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 27.V.1997 ГОД.**

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 16
2. АБДИ ФАИК 61
3. БАЈРАМ АМДИ 79, 75
4. КОЦЕВСКИ АЦЕ 32, 34, 48
5. КАРОВСКИ ИЛИЈА 78
6. МУРАТИН ЏЕЛАДИН (ја води седницата) 1
7. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД 2
8. НАЈДОБСКИ СЛОБОДАН 3
9. ПОПОВСКИ ЉУПЧО 5
10. РАМАДАНИ ХИСЕН 29
11. СТО ЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 20, 26
12. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 27
13. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ 40, 43, 49
14. ФИТИ ТАКИ 2, 66, 70
15. ХАЏИВАСИЛЕВА ВЕРИЦА 9 ,11
16.ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО 50, 52
17. ЧАПОВ СЛАВЧО 75, 78
18.ШАПУРИЌ ЗОРАН 6, 56

...Продолжение со Предлог за донесување на закон за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на раѓаните по основ на штедни влогови (за ТАТ).ОВОЈ ЗАКОН Е ОДЛОЖЕН ОД ОВАА СЕДНИЦА!

Т.8-стр.4; Т.9-стр.5;
Т.10-стр.8; Т.11-стр.9

С Е Д Н И Ц А Т А   П Р О Д О Л Ж У В А !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 27 мај 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 14,55 часот.

Со продолжението на седницата претседаваше г-динот Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа со Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Назми Маличи, Јован Србиновски, Драган Митовски, Стојче Ковачевски и Тодосија Паунов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието на Република Македонија и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во Ваше и мое име да им го честитам роденденот на пратениците Душан Николовски и Панче Насев и да им посакам успех во работата, добро здравје и лична среќа.

(Аплауз).

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови

Молам кој бара збор.

I/2.- НН/ОМ

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри и пратеници Имам едно задолжение од Пратеничката група на СДС од Битола односно барање оваа точка, со оглед на тоа што е во тек сулервештачењето на Заводот аз судско вештачење за состојбите во штедилницата "ТАТ" и бидејќи со ова супер вештачење ќе се добие дефинитивна слика за односно помеѓу пасивата и активата на штедилницата, а исто така тргнувајќи и од барањата на Здружението и одборот на штедачите од Битола, односно барањето кое го достави и градоначалникот на Битола барам оваа точка да се одложи за еден нареден период односно до завршувањето на супер вештачењето на Заводот аз судско вештачење.

Истовремено би сакал да ја искористам говорницата да апелирам и до Здружението и до одборот односно до штедачите на штедилница "ТАТ" да имаат стрпление и да се откажат од оваа форма на манифестации која ја практикуваат овие денови во Битола и посебно денес односно ги повикувам да ги остават стручните лица од Заводот аз судско вештачење во мир, стручно да ја извршат таа супер ревизија.

Инаку, да Ве информирам дека во текот на денешниот ден во Битола навистина се случуваат немили сцени кои мислам дека одат конт продуктивно врз разрешувањето на оваа состојба со штедилницата "ТАТ"

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, по оваа точка претставникот на Владата имаше уводно излагање. Дали има мислење и предлог од страна на Владата.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господине претседавач, почитувани пратеници. Јас прочитав факсот што дојде од оборот на здружението на штедачите до

Владата на Република Македонија. Информиран сум дека таков факс стигна и до Собранието и претпоставувам дека е најверојатно поделен на сите пратеници. Во тој факс може да се види дека одборот на штедачите меѓу другото искажува и недоверба во супер ревизијата што ја направи Народна банка на Македонија. Сите Вие сте информирани во меѓувреме де е во тек работата на Заводот за судско вештачење , кој што во еден догледен период според нашите информации не би траел многу долго и тој ќе има свое видување на состојбата врзана за билансите на штедилница^ "ТАТ" односно на активата и пасивата. Поаѓајќи од сето тоа и од оваа тензија што е присутна денес во Републиката ние мислиме дека можеме да го прифатиме овој пат ова бараше и покрај тоа што имаше воведно излагање од моја страна да се расправа на една од наредните седници. Не знам од формално- правен аспект најверојатно оваа седница не би се сметала за завршена, но за тоа ќе кажат стручњаците.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го слушнавме излагањето и барањето на г-динот Бранирод Михајловски и ставот на Владата.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници. Јас се согласувам со предлогот и имајќи го во предвид образложението што го даде министерот Таки Фити би замолил и би предложил покрај заклучокот за одлагање на точката да стои уште еден заклучок со кој што би се обврзала Народна банка и Владата на РМ до пратениците во најскоро можно време да го достават извештајот од супер ревизијата на Народна банка извршена во штедилницата "ТАТ" во Битола. како што кажа и министерот и одборот на штедачите и здружението на штедачите

изразуваат недоверба  а онака како што се тераат работите навистина мора да се изрази една недоверба кон целокупната работа. Затоа би предложил да има заклучок на пратениците да им се достави извештајот од супер визијата во "ТАТ"

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, го ставам на гласање.

Кој е за, да се одложи расправата по овој Предлог на закон и за него да се расправа по завршувањето на супер ревизијата. (77)

Дали има некој против? (1)
Дали некој се воздржува од гласање? (2)
Констатирам дека е усвоен заклучокот.
Го ставам на гласање вториот предлог.

Кој е за, Народната банка на Македонија до пратениците да го достави извештајот на супер ревизијата ? (69)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен заклучокот Народната банка на Македонија да пратениците да го достави извештајот на супер ревизијата.

Минуваме на точката  осум - Предлог за донесување на закон за дополнување на законот за одбраната.

Предлогот за донесување на закон Ви е доставен.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор?
Има збор Љупчо Поповски.

I/5.-

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ.**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. мене ми е жал што не е присутен г-динот Малики бидејќи он е предлагач на овој закон. Ние во една претходна постапка со него и во консултација со Министерството за одбрана, односно министерот за одбрана се договоривме овој закон да биде повлечен од оваа седница на Собранието бидејќи не е расправан ниту на Комисијата аз внатрешна политика и одбрана. Оттаму јас би замолил ако е можно сепак да се одложи расправата по овој закон додека не се завршат консултациите. Г-динот Малиќи не е присутен инаку тој даде ветување дека тоа ќе го направи. Така да мислам дека не е спорна ситуацијата и би замолил да се има предвид ова мое објаснување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за од оваа седницата да се одложи Предлогот за донесување на закон, за дополнување на Законот за одбрана. (75 пратеника за)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Минуваме на точката девет - Предлог за автентично толкување на член 6 од законот за изменување на Закон за уредување на имотните односи настанати со противправни заземања за земјишта во оптшествена сопственост "Службен весник на Република Македонија" број 44/91.

Предлогот на автентично толкување Ви е поделен.

отворам општ претрес,

Молам,кој бара збор?

Има збор, г-динот Зоран Шапури^.

I/6.-

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Согласно предлогот за автентично толкување кое го добивме од ЗПК се предлага дека целта на законот што сака да се оствари со решението што е предвидено во членот 6 на означениот закон е дека не е престанување на важење на закон, ниту пак преминување на надлежностите на овие прашања од управна во судска постапка доколку не се решат во периодот од три години, како што е предвидено во самиот закон. Има само за предметите што не се решени до влегување на сила , на измените на овој закон да се расправаат во определен рок од членот 6.

И во самото образложение на автентичното толкување е наведено дека Комисијата била во дилема односно предлага три решенија. Имало три согледувања на толкувања на овој член.

Јас лично не се согласувам со Предлогот даден од ЗПК бидејќи доколку го прифатиме тоа би навлегле во една опасна ситуација со автентично толкување да ја менуваме суштината на законот. Доколку се смета дека решението во член 6 од практични или од било кои други причини не е одржливо тогаш јас би очекувал од ЗПК да предложи измена на овој закон, бидејќи со влегувањето во сила на овој закон односно членот 6 од Законот за изменување на законот за уредување на имотните односи настанати со противправни заземања на земјишта во општествена сопственост, "Службен весник на РМ" број 44/91, определен е рок од три години каде што е децидно нагласено дека органите на управата можат во тој период да ги решаваат овие спорови. Што значи, по изминување на овој рок односно 8 октомври 1994 година ова веќе не е надлежност на органите на управа, туку е надлежност на судска постапка.

Уште повеќе бидејќи согласно членот 32 од Законот за судови- те ова спаѓа во судска надлежност така да доколку би го прифатиле ова

автентично толкување почитувани пратеници ние со , условно да кажам, слободно толкување и широко толкување на законот би го дерегирале законот за судовите кои е донесен со двотретинско мнозинство. Во тој случај би дошле во една многу опасна ситуација. да ја одземеме надлежноста на судовите и со едно слободно толкување да ја вратиме повторно надлежноста на сите овие работи во органите на управата односно управата за имотно правни работи при Министерството за финансии.

Оттаму сметам дека вака продолженото автентично толкување не би требало да го прифатиме, бидејќи би станало многу опасна пракса Собранието со свои автентични толкувања да ја менува суштината , па дури и целта на законот. Овде меѓу другото и многу длабоко се навлегува бидејќи се одредува и целта на законот која била кога бил донесуван. Според мене законот е јасен, даден е преоден рок од три години во кој треба да се довршат овие спорови, а по истекот на тој рок поминува во надлежност на судовите. Доколку го прифатиме ова автентично толкување ова Собрание би се довело во една многу незгодна улога да ја одземе една надлежност утврдена со закон, да ја одземе надлежноста од судовите и да ја доделува повторно на органите на управата, што според мене не е во ред. Само како прилог да наведам дека и бројни пресуди престојат на Врховен суд каде што е децидно постапено, каде што се огласени за ништовни одлуките на органите на управа за имотно- правни работи, бидејќи и таму се наведува дека согласно законот за судовите ова спаѓа исклучиво во надлежност на судовите.

Уште еднаш ќе подвлечам дека сметам да вака како што е пред ложено автентичното толкување не би требало да го прифатиме, бидејќи можеме ако некоја мета дека тоа решение не е во ред и не е практично да предложи изме1?а на закон, а не со автентично толкување да се менув духот, практично се менува и самиот закон.

I/8.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на автентичното толкување.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за ,молам да крене рака? (51)

Дали има некој против? (12)

Дали некој се воздржува од гласање? (23)

Констатирам дека Собранието го донесе автентичното толкување од член 6 од Законот за изменување на Законот за уредување на имотните односи настанати со противправно заземање на земјиште во општествена сопственост ("Службен весник на РМ" 44/91).

Минуваме на точката десет - Барање за давање автентично толкување на членот 5 од Законот за локалните избори ("Службен весник на Република Македонија" број 46/96 поднесено од Советот на општина Радовиш.

Барањето и извештајот на ЗПК, Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на РМ констатирам дека барањето за давање на автентично толкување на членот 5 од законот за локалните избори

("Службен весник на Република Македонија" број 46/96 поднесено од Советот на општина Радовиш и не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

Второ овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија, да се достави до Советот на општина Радовиш.

Кој е за , молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (12)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок. Минуваме на точката 11- Извештај за работењето на Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во 1996 година.

Извештајот на Агенцијата, извештаите на работните тела на Собранието и мислењата на Владата на РМ, Ви се доставени односно поделени.

отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-ѓа Верица Хаџивасилева.

**ВЕРИЦА ХАЏИВАСИЛЕВА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници. Дозволете ми да го изразам моето задоволство и воедно мојата благодарност што ,денес во овој почитуван дом разговараме за процесот на приватизацијата во РМ.

Агенцијата на РМ за трансформација. На претпријатијата со општествен капитал го изработи извештајот за работењето на Агенцијата

I/10.-

за 1996 година. Меѓутоа во извештајот всушност се презентира што е направено во текот на целиот процес досега и прикажани се кумулативните резултати во приватизацијата во Македонија до крајот на 1996 година од нејзиниот почеток.

II/1.- СС-ВБ

**ВЕРИЦА ХАЏИВАСИЛЕВА**: (Продолжение)

Од Извештајот може да се види дека до крајот на 1996 година се приватизирани вкупно 916 претпријатија во кои што работат 145 илја- ди работници и чија што проценета вредност изнесува 2,3 милијарди германски марки. Бројот на претпријатијата зборува за тоа колку на- вистина, колкав е степенот на приватизираност на македонското стопанство.

Меѓутоа, позначајно би било да се оцени колкаво е учеството на приватниот сектор во создавањето на општествениот производ во народниот доход, во бројот на вработените и во некои слични параметри. Тие анализи ќе ги имаме многу подоцна поради тоа што за нивната изработка е потребно време, се обидовме некако да одговориме на овие прашања преку податоците од завршните сметки и анализите што врз основа на нив ги прави Заводот за платен промет.

Презентирајќи ги остварените финансиски резултати во 1996 година по сектори на сопственост, од анализите на Заводот се гледа следново: 70js од вкупниот приход во Република Македонија се остварува во приватниот сектор и тоа како во оригинерно приватните, така и во приватизираните претпријатија. Приватниот сектор остварил 78% од добивката во 1996 година и тој вработува 57% од вработените во државава. Во загубата, во исто време, учествува со сразмерно помал процент, со 43%. Овие податоци јасно зборуваат дека македонското стопанство претежно е приватно стопанство, а меѓу другото зборува дека приватниот сектор е веќе поефикасен од државниот и општествениот.

За ваше информирање би сакала да ве запознам каде стоиме со приватизацијата по дејности, бидејќи тоа во извештајот не е наведено.

II/2.-

Од вкупно илјада приватизирани претпријатија, можеби е случајност, но јас денеска го потпишав илјадитиот договор за приватизација и тоа беше со вработените од едно штипско претпријатие, со моделот од страна на вработените. Во овие илјада приватизирани претпријатија работат околу 176 илјади вработени и нивната проценета вредност изнесува приближно четири милијарди германски марки. Во меѓувреме ги имаме и првите триесетина приватизирани претпријатија од областа на земјоделството.

Оценка на Агенцијата е дека до сега се заврши една голема работа. Во јавноста често се слуша дека квантитетот што е забележлив во приватизацијата не е проследен и со соодветен квалитет. Сите ние сме свесни дека имавме многу проблеми во процесот на приватизацијата, меѓутоа факт е дека имавме проблеми и општо,во одвивањето на вкупниот општествено-економски развој на земјата. Затоа сметаме дека и приватизацијата не треба да се гледа изолирано, како на неа да не влијаат сите останати услови на опкружувањето.

Наша генерална оценка е дека од аспект на условите во кои што се наоѓаше Република Македонија во изминативе 4 години можеме да биде-ме задоволни од она што се заврши и дека денеска сме на многу подоб-ра позиција да одиме напред во натамошниот општествено-економски развој на земјата. одошто тоа би биле доколку приватизацијата воопшто не се завршеше или доколку таа сега почнуваше.

За проблемите во приватизацијата или за проблемите што имаат влијание на неа, зборуваме на крајот од извештајот и таков е пристапот на пишувањето на извештајот во текот на целиот период од кога постоиме Некои од проблемите ги повторуваме во секој наш извештај, а за некои од нив сеуште нема решение. Таков е, на пример, проблемот околу не- доволната заштита на малите акционери, проблем на кој што укажуваме веќе три-четири години наназад. Сличен таков проблем е проблемот на малиот прилив на странски вложувања и за него и за

причините зошто е тоа така, укажуваме во последните три-четири години. Како што е случај постојано.

Некои други проблеми што првпат ги спомнуваме во овој извештај, тоа се понови и произлегуваат од резултатите на приватизацијата. Тука е, на пример, проблемот на управувањето со приватизираните претпријатија, а тој, до некаде е поврзан повторно со улогата и вклучувањето на малите акционери, нивното информирање и нивното ангажирање во процесот на управувањето со претпријатијата кое што би водело за добробид на опстанокот и развојот на претпријатијата каде тие акционери имаат акции.

Уште еден проблем што се наметна со сета своја жестина во текот на оваа година, а на кој што укажувавме е проблемот на слабата заштита на приватната сопственост што е сериозен и лежи некаде, има корени во вкупната општествено - економска поставеност на системот.

Структурата на извештајот е поставена така што се состои воглавном од три дела. Во првиот дел се презентирани резултатите од приватизацијата, чие што резиме јас го изложив. Во вториот дел се дадени некои други активности на агенцијата што не се директно врзани со приватизацијата, меѓутоа на некој начин се допираат или агенцијата во текот на своето постоење ги Добила било од Владата било со некакво одобрување од Парламентот. Третиот дел е финансискиот извештај на Агенцијата.

Кога зборуваме за тоа колку средства се оствариле од приватизацијата, за тоа имате едно цело поглавје од Извештајот. Меѓутоа, би сакала и овде да ги изнесам податоците вкупно во приватизацијата до сега се остварени, до 31.12.1996 година s167 милиони германски марки. Меѓутоа, најголем дел од овие средства се платени во неготовински средства на плаќање. Поточно 101 милион се платени во заробени штедни влогови, 45 милиони е платено во обврзници, додека 21 милион германски марки се платени во готови

пари. Најголем дел од готовината е платен во 1994.година. Како што оди периодот наваму се повеќе средства се плаќаат со неготовински форми на плаќање. Меѓутоа, веднаш да кажам дека тоа воопшто не ме изненади, бидејќи сите овие форми на плаќање беа предвидени со самиот закон. Логично беше да се очекува, дека купувачите ќе одат со форми на плаќање што за нив ќе бидат поприфатливи. од друга страна, плаќањето со заробени девизни влогови, всушност значи ослободување на долгот на државата кон девизните штедачи

Уште една Информација околу плаќањето. Би сакал да ви кажам дека во периодот од декември до денеска процесот продолжува и натаму. Износот на прибраните средства до денешниот ден е 195 милиони германски марки, така што се доближуваме до 200 милиони прибрани средства за приватизацијата.

На крајот од извештајот кажуваме што ќе правиме понатаму, односно што останува понатаму. Ние пред Владата излегуваме и со програма за работа и со финансиски план, меѓутоа таа програма практично ги влече укажувањата што се дадени овде и во извештајот, а нашите активности за 1997 година ќе бидат насочени главно кон контрола и следење на процесот и завршените договори што до денеска сме ги оствариле. Значи,.улога на мониторинг и контролор на Агенцијата веќе сериозно стапува на сила.

Понатаму, втора голема работа што не чека оваа година е приватизацијата во земјоделството. Тој процес веќе почнува да се одвива. Ќе имаме работа да ги довршиме активностите и претпријатијата што воопшто не влегле во процесот, главно биле фатени со процеси на стечај или слични други процеси заради што воопшто не можеле да влезат во приватизацијата. Секако ќе се позанимаваме и со приватизација на оние претпријатија што биле на некој начин иземени а постепено нивното приватизирање се овозможува.

II/5.-

Денеска, од г-ѓата директор добивме една нова информација во однос на вкупно приватизирани претпријатија. Се работи за нова бројка што не соодветствува со изнесената,. меѓутоа се работи, како што самата рече за најнови податоци. Тоа е сосема во ред. И, уште што ме радува е тоа што вредноста на капиталот што треба да се приватизира сега значително се зголемува во однос на бројот на претпријатијата. Од тоа може да се заклучи дека, по се изгледа, станува збор за приватизација на претпријатија со поголем општествен капитал во последно време.

По однос на прашањето што задира во прашањето на контролната функција, ќе дозволите да прочитам дека тоа е обврска што произлегува од членот 89 од Законот, а таму пишува дека Агенцијата ги врши работите што се донесуваат на организирање и контрола на трансформацијата на претпријатијата.

Во точката 8 од Извештајот е речено дека во рамките на законската задача Агенцијата за контролирање на процесот на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, согласно членот 8 од Законот, во сите случаи во кои постоеле индикации поседувала и вршела контрола. Меѓутоа, мислам дека ова што е тука кажано е недоволно од аспект што не нуди бројки, во колкав случај, за колкав случај на контроли станува збор. Мислам дека би било добро во иднина тоа да се прави.

Ова уште повеќе го истакнувам до причина што има поплаки од организации што минале низ процесот на трансформацијата на општествениот капитал, а во кои што работниците кои не биле вклучени во акционери се жалат. Такви случаи, мислам дека е запозната и директорката, еден од таквите случаи, еден или два, има и во мојот град. Претпоставувам дека има и во други градови. Се работи во прв ред за приватизација на трговското претпријатие "8 Септември" каде што

според сознанијата и материјалите што ги носам со себе околу 65 вработени се исклучени од правото на акционерство. Мислам дека тоа не е во ред. Тоа е работа што Агенцијата, како таква, бидејќи тоа право законот и го дава, треба да ја врши таа контрола приватизацијата да биде во ред. Такви случаеви има, барем со тие сознанија, иако мислам дека се работи за еден повисок степен на приватизација, се работи за комбинатот за гипс "Радика" од Дебар, таму има извесни поплаки што ќе мора, согласно својата функција што ја има Агенцијата и на тие прашања да даде одговор како правилно би се решиле да не би дошло случајот да се решава пред надлежните судови.

Јас мислам дека работите што ги истакнав тука, не знам дали може како заклучок, но мислам дека материјалите ќе одат и до Агенцијата, па да биде една од приоритетните задачи на Агенцијата во идниот период, како не би дошло до тоа да имаме реакции од страна на оние кои немаат право на акции.

Мислам дека материјалот дава една добра слика за тоа што се случува посебно по однос на прашањето на обавувањето, всушност реализација на трансформацијата, во случај кога почесто во определен број претпријатија се јавуваат случаи кога не можат оние кои останаа сопственици да управуваат со претпријатието поради разни штрајкови што се организираат, како што е речено и во Извештајот, незаконски, па мислам дека такви работи можат да се јават и во иднина. Одредени искуства, односно укажувања што се набележани во извештајот треба да послужат како патоказ одредени работи да решиме преку изменување и дополнување на законите што ја регулираат оваа проблематика.

Конечно и најважно, сметаме дека голем дел од активностите во државата веќе треба да бидат насочени кон постприватизационите активности. Веруваме дека и Агенцијата ќе биде вклучена во некои од нив. Ние веќе се подготвуваме за таквите активности.

Јас ви благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри и останати во функција на точката на дневниот ред.

Денеска расправаме за Извештајот за работа на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Тоа е обврска што произлегува од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и како таква обврска од страна на Агенцијата тој материјал денеска е ставен на дневен ред и ние расправаме.

По однос на понудениот материјал би кажал, не би сакал да ги повторувам работите што ги изнесов на Комисијата бидејќи материјалот дава еден приказ за активностите што ги имала Агенцијата за приватизација во текот на 1996 година, меѓутоа јас ќе се задржам на некои прашања поврзани во функцијата на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Една од тие функции за кои, според мене, е недоволно напишано во материјалот е контролната функција. Иако на страна 6 од Извештајот две точки зборуваат за тоа, точките 7 и 8, сепак ќе кажам неколку зборови што се однесуваат за остварување на оваа контролна функција, се со цел да се избегнат одредени недостатоци што се случуваат во постапката за трансформација.

II/8.-

Одредени нелогичности исто така спомнати во Извештајот на Агенцијата има по однос на спроведување на постапката односно регистрација на договорите што ги потврдува Агенцијата, што ги потпишала. Таков е случајот и со Горни Полог од Гостивар. Мислам дека за ова ќе биде потребно дали Владата или пак, но во секој случај Владата, да седне заедно со судот и да ги види овие случаи бидејќи се работи за капитал многу вреден и што, доколку и натаму останува, условно кажано, без домаќин, без сопственик, може да претрпи доста големи штети. Од тој аспект мислам дека треба побрзо да се ангажираат и судовите и да заземат ставови по однос на регистрацијата.

За Горни Полог не е место тука сега јас да спомнувам што значи Горни Полог. За Гостивар а и понатаму и за земјоделието во Македонија, особено за сточарството. Затоа мислам дека решенијата за кои што ќе се залага Владата, заедно со Агенцијата, треба што побрзо да се реализира како би можело да не се трпат понатамошни штети.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, се работи за Агенцијата за приватизација, чиј што извештај е денес на дневен ред, имам едно прашање до Агенцијата за приватизација, затоа што Агенцијата за приватизација пред две години објави дека Скопскиот саем ќе се приватизира по пат на лицитација. Лицитацијата беше 1995 година, кога се јавија три фирми. Од нив едната беше странска фирма, американска, со странски вложувач. Понудите требаше да бидат во затворен плик и кога се отворија пликовите на таа лицитација, која беше јавна, сите медиуми беа присутни, почетна цена на Скопскиот саем беше 3 милиони и двеста илјади марки за целиот саем, а од трите понуди едната понуда беше околу 15 милиони марки. Во таа понуда имаше кандидат од ромската припадност кој требаше да го откупи саемот со странски вложувач од Америка. Се прашувам дали ние како припадници на Ромите имаме право или немаме право да лицитираме вакви работи, кога Агенцијата за приватизација веќе го даде саемот на лицитација. Поминаа две години, сите направивме програми кои ги доставивме, но две години Агенцијата за приватизација нема никаков одговор на ниедна од овие три фирми кои дадоа свои понуди. Дали стои нешто зад ова, дали е стопирано, доколку Скопскиот саем треба да биде јавно претпријатие дали е некоја грешка таа лицитација, требаше да добиеме одговор сите по писмен пат, да ни се достави известување дека Скопскиот саем треба да биде јавно претпријатие, дека Владата одлучува или била грешка на Владата или Агенцијата за приватизација погрешила саемот нема да се приватизира. Кога веќе - излезе на лицитација, кога се дадоа понуди и кога видоа дека од три милиони и двеста илјади марки вредноста на саемот дојде до 15

милиони марки и кога саемот требаше да го добие некој од некоја друга припадност, друга националност, тука се става кочница. Зошто до ден денес не се одговори за Скопскиот саем по писмен пат да ни се каже што е со ова и кој ќе ја сноси одговорноста за тоа што две години никој не одговорил за Скопскиот саем. Барам одговор, ако може од директорката на Агенцијата за приватизација.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпреседател, почитувани министри, почитувана директорке, почитувани колеги пратеници, фактот дека ваков извештај ние гледаме само еднаш во годината укажува на сериозноста на материјата но за жал денес не ќе имаме посебни мотиви и инспирација во едни поинакви околности да расправаме за еден ваков сериозен извештај како што е овој. Владата има привилегија двапати годишно да разгледува ваков извештај и можеби треба да се размисли понатаму за евентуална корекција во тој поглед и ние како Собрание, ако ви било товар, да се навраќаме на ваков извештај двапати во годината. Но што е тука е, добро е ние да искажеме свои видувања, не на извештајот , бидејќи како што рече директорката ова е веќе процес на трансформација во завршна фаза. Мислам дека ќе биде добро ако ние денес помогнеме со нашите дискусии преку критични Забелешки, не критизерски, добронамерни, посочувајќи одредени искуства од она што значи наше искуство од местото каде што живееме или други стопански субјекти, практично процесот на приватизација да почне да ги дава и своите видливи резултати. Ако ние се задржиме само на овој извештај, на бројките искажани во него, параметрите и др., тогаш сигурно има причина за големо задоволство. Во краен случај, барем за оваа проблематика како ретко за која сите партии во државата и сите субјекти

имаме консензус, а тоа значи ориентација кон пазарно стопанство и приватизација. Тука нема дилеми и мислам дека ќе биде непријатно ако ние се враќаме многу station наназад. Но сепак ќе биде добро да укажеме на она што можеби се пропусти, се надевам ненамерни, за да може понатаму оваа агенција позасилено да ги остварува своите обврски, кои се санкционирани со закон а тоа е веќе една сериозна задача.

Јас ќе се обидам моите забелешки да ги синтетизирам во повеќе актуелни видувања, почнувајќи од едно основно. Можеби е во прашање методологијата на изработка или пак можеби грешката е и кај мене, си дозволувам и такво нешто да кажам. Имено, се работи за следното.

Во извештајот стои дека вкупно вработени во процесот на приватизација со 31.12.1996 година се 144. 539 и вкупна проценета вредност на претпријатијата 2.357.677 илјади германски марки и со број на претпријатија од некаде 914 во овој период. Бројките до кои јас дојдов со една аналитика се различни. Прво по бројот на претпријатија каде верувам дека мојата бројка од 731 претпријатие се должи на методологијата бидејќи многу претпријатија во процесот на трансформација се раздвоија на посебни помали претпријатија, на повеќе единки и тука веројатно нема грешка. Меѓутоа, овој документ што го добиваме редовно, мислам дека се околу 24 броеви вкупно, по ред ги запишував бројот на вработени и вредноста и дојдов до многу различни бројки. Дојдов до бројката дека се опфатени вкупен број на вработени 207.243 и дека проценетата вредност е 3 милијарди и 85 милиони германски марки. мислам дека тоа е една голема разлика. Повторувам дека употребив едноставен метод да ги забележувам во овие податоци за претпријатијата само трите големини, всушност за нас тука се меродавни двете бројки. Оставам на Агенцијата да види дали можеби е некоја грешка или ќе бидам благодарен ако ми укаже на мојата сопствена грешка во однос на она што значело посебна методологија на оваа анализа.

Сигурно дека неколку работи веднаш оставаат впечаток. Тоа се следните.

Очекувањата од ефектите на приватизацијата, особено она што значи плаќање во кеш, кое е многу мало, понатаму заживувањето, динамизирањето на она што значи вработување, она што значи поголемо производство, она што значи профит, она што значи на крајот на краиштата финале на сето ова, дивиденда или екстра профит. Сеуште се работи за скромни бројки и мислам дека тука ќе биде и најважниот и суштинскиот проблем: како понатаму сега. Со исклучок на неколку фирми, добро стоечки, приватизирани по моделот на менаџерски откуп од неколкумина луѓе, да не зборуваме поинаку, кај сите други сеуште сопственоста на сите акционери е многу мала и се движи некаде во бројки од 0,001 до 0,0003. Тоа е многу скромна вредност за да иницира саможртвувања, за да иницира поголемо ангажирање на субјектите и на крајот ан краиштата да иницира концентрација на она што значи понатаму менаџерски раководни и други структури и гарнитури. Сигурно дека ни останува најтешкиот пат, ни престојат најтешките моменти, да ги надминеме сите оние предрасуди, остатоци од минатото итн., дека во моментот,со исклучок на неколку претпријатија ние практично класичното управување само го заменивме со еден друг вид управување. Тој менталитет мора да го менуваме, но ако сакаме да се чекори напред, да немаме препреки, да немаме опортунизам, овие примери кои денес тука се искажуваат и ги препознаваме како негативни примери кои се изродија во можности за манипулации и трансакции, па ако сакате и за различни криминални дејства, мора да бидат елиминирани преку ревизија и санкции од судски органи, за да не ја девалвираме целата оваа работа, бидејќи сега сме точно на прагот кога претстои тој процес на формирањето на она што значи процес на^ приватизација со ефекти.

Стечајните трансформации остануваат како една рак рана и ден поскоро ќе мора Агенцијата да се посвети на ова прашање, да биде

точно оној субјект кој ќе ги застапува претпријатијата ви за ви судовите за една поголема ефикасност и се разбира побрз ефективен епилог. Имено, сведоци сме на огромен број диригирани стечаи, манипулации и слично, каде што практично улогата на стечајната постапка, стечајниот управник, па ако сакате и стечајниот судија и целата екипа има единствена задача како процесот подолго да се одолговлекува, актерите да бидат наградувани и на крајот на краиштата тој општествен имот да се дерогира, да се упропасти, што ќе им донесе корист само на овие актери, а на државата и граѓаните ќе им донесе само штета.

Скромната понуда на берзата на акции од вредност од само 478 илјади германски марки, од кои се продадени само 2665 германски марки треба да не загрижи, особено Агенцијата дека тука нешто не е вреди. Би сугерирал или се нуди премногу мал износ на акции во вредност, чиј што идентитет можеби не е најсреќно избран или треба да има еден поширок спектар на акции кои се нудат и веројатно треба да се избере некој посоодветен начин за,информирање на заинтересираните субјекти, па ако сакате и на јавноста.

Мислам дека е добро во сите овие документи и анализи што ги добиваме,никаде не се даваат информации за оние претпријатија кои сто посто се приватизираа по таканаречениот закон на Анте Марковиќ. Во ред е, се прифаќа тој закон, но добро е да имаме некаде трага и да имаме некаде можности за следење и за согледување и за тие стопански субјекти.

Трансформацијата на 25 загубари ја сметам за штетна, дури ја сметам за многу негативна во смисла на афирмирањето и зголемувањето на интересот на странски субјекти за вложување и за откуп на дел од овие претпријатија. Ние практично јавно на сите ѕвона искажавме дека имаме 25 големи загубари. Кој е тој сега што ќе откупува нешто од тие загубари. Мислам дека таа работа е многу коректно

обмислена да се најде спас на овие претпријатија, мислам дека доведе само да имаме 15 иљјади невработени, а ефектите се многу скромни.

Прашањето на контролата останува и понатаму актуелно и се повеќе ќе биде актуелно. Прашање а какви контроли се направени, колку, како, за што мора да постои една солидна информација, меѓутоа, во рамките на другите проблеми кои ги имаме овие денови,јас гласно ќе го поставам прашањето: Дали може контрола на своето работење да направи истата институција, Агенцијата за трансформација. Немам конкретен предлог кој би требало тоа да го направи,но мислам дека ќе биде и добро и коректно и чесно ако се изнајде друга институција која што ќе може тие контроли да ги обавува.

Прашањето на имотот во поранешна СФРЈ останува и понатаму незатворен процес, кој што овозможува и манипулации и грабеж и слично, дури и криминал при што се работи за огромен деловен простор, магацини и објекти, при кое што покрај овие негативни примери ќе го искажам како позитивен пример примерот на "Стокопромет" Скопје кое сеуште го нема затворено процесот на приватизација, бидејќи сака една чесна објективна приватизација, бидејќи располага со огромен имот, индустриска кланица во Књажевац во Србија. Мислам дека Агенцијата ваквите случаи треба да ги забрзува, да ги потпомогнува и практично да биде една трансмисија во окончувањето на вакви трансформации.

Прашањето на Горни Полог колегата Ајдарага го спомна, а јас располагам со многу повеќе податоци и детали, бидејќи се работи за еден значаен индустриски капацитет во Полог, па и пошироко, најголем извозник на јаглен од поранешните простори на Југославија со прекрасни современи технолошки линии, кои ги положуваа сите тестови на строгите критериуми на Европската заедница, испраќајќи свои комисии од Брисел и двапати годишно. Типичен каде постои реална опасност ваквите

капацитети да се упропастат на штета на сите. Имено се работи за завршен процес на трансформација со агенцијата, со дадено управување на тим од 180 и неколку вработени со извршени сите претходни дејствија и сега кога требаше да следи и регистрацијата во судот доаѓа до тие караници до тужби и целиот процес се влече една цела година, за кое време колективот трпи, вклучувајќи ги во прв план тие недолични пресметки кои честопати ескалираа и беа спречувани со интервенција на полицијата. Мислам дека ваквите субјекти значајни, стабилни вклучувајќи го тука и ИПОС "Преспа" во Царев Двор, "Технопромет" - Тетово, "Интерпромет" - Тетово и многу други, мислам дека Агенцијата треба многу поангажирано да се посвети на разрешувањето на приватизацијата на ваквите субјекти.

Прашањето -на земјоделскр и градежно земјиште кое со овој закон е изземено и оставено за една наредна фаза, веќе почнува да причинува одредени потешкотии, кои проблеми ќе ескалираат со донесувањето на Законот за денационализација. Имено, тој процес не смее да се одолговлекува, ден поскоро мора овие категории на имот да бидат регулирани постапките да бидат дефинирани за да не не изненади кога ќе дојде Законот за денационализација да имаме судски спорови и процесот на оваа трансформација потоа да го вратиме назад со право на сопственост на дел од поранешните сопственици.

IV/1 СЈ/ЛБ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Загрижува фактот дека, барем моите податоци се такви, би сакал да се поинакви, од приватизираните претпријатија само некаде околу 50% ја поминале регистрацијата во компетентните судови. Можеби беше пред неколку месеци овој податок, но би бил среќен ако би бил подобар. Понатаму, морам да изразам загриженост дека во 1996 год,, вкупните приходи во процесот на приватизација депонирани во Агенцијата се практично потрошени, покриени се со расходната страна. Мислам дека овој податок. во иднина не би требало да не задоволува.

И на крајот во извештајот стојат и други ангажирања на Агенцијата во последно време, да речам други дејности од она што носат програми за развој, јавни работи, инкубатори, пилот –посторјки, преобука и сл. што мислам дека не треба да биде активност на Агенцијата затоа што во членот 89 точно стои што се активности на оваа Агенција. Ниедна од овде даננречеме дополнителни дејности во Законот не се вградени и мислам дека ние имаме посоодветни можности евентуално преку министерствата за развој, за труд и социјална политика и други институции, овие активности да ги преземат некои други субјекти затоа што Агенцијата има многу одговорна задача, Агенцијата ни приближно не може со својот извештај да не задоволи дека процесот на приватизација е завршен успешно.

Напорниот и тежок пат дами и господа, е и дури ни престои едната фаза евидентно успешно е надмината, не треба да робуваме на бројката и од 1000 , треба да бидеме среќни кога правиот процес на оваа трансформација, приватизација и ефектите ги почувствуваме сите во оваа држава.

Благодарам.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас накусо ќе се осврнам на делот на приватизацијата на овој Извештај кој се однесува на странските вложувања . Една од целите на приватизацијата во РМ беше и таа да привлече стран капитал, а преку неги и врвна технологија која се користи во Европа и во светот.

Следејќи ги показателите доаѓаме до еден фрапантен податок дека вложувањето од странските фирми односно влегувањето на странските партнери во оваа приватизација е минимално и мислам дека со тоа е направена огромна штета на РМ.

Ние се фалиме дека имаме акционери, меѓутоа тоа уште повеќе . ни го усложнува начинот на раководењето. Ние фактички како што беше речено сега имаме акционери, меѓутоа акционери кои немаат никакво влијание на водеше на фирмата, на измената на технологијата и се што значи следење на новости во светот во технологиите. Значи фактички немаме само управувачи , имаме управувачи меѓутоа без можност да се на некој начин управувањето модернизира. Со тоа ние заостануваме во светската технологија, повеќе не можиме да ги следиме трендовите во развојот на сите технологии и мислам дека и луѓето кои се во претпријатијата, во фирмите, стагнираат бидејќи не се во кондиција и не ги следат развојните трендови во секој поглед. Значи, можноста да преку влегување на странскиот капитал во Македонија да не само како финансиски капитал туку и како знаење, како технологија да допринесе за развој на оваа држава, ние дозволивме преку оваа трансформација капиталот да се приватизира, да имаме само ситни акционери, го усложнивме начинот на раководењето и придонесовме јазот на стручноста, на технолошките иновации, на новите технологии не дојдат кај нас.

За жал, во екс Југославија ние како средно развиена земја заостанувавме за еден чекор во однос на технолошките иновации кои доаѓаа во светот односно од светот, сега можеме да кажеме, фактички немајќи кој да повлече и да инвестира и да учествува во се ова заостануваме не за еден туку за 20 чекори зад светската технологија и раководење. И, бројката што ја има од странски средства кои се вложени во Македонија изнесува толку што еден новокомпониран бизнис- човек може во џеб да држи. Мислам дека е тоа трагична работа, незнам што толку допринесе да се плашиме да обезбедиме, да кажеме еден "Мерцедес Бенс" инвестира во "11 Октомври" да дојде тука, да донесе технологија, да ја преземе приватизацијата и тие луѓе кои се таму да се вработат и ја следат технологијата која ја има "Мерцедес Бенс" А, сигурно би бил заинтересиран бидејќи ние имавме, сега веќе заостануваат нашите луѓе, стручни луѓе од работни па до инженер, па до доктор на наука, веќе заостануваат што можеше само да добие, бидејќи ние имавме висококвалитетна работна и стручна снага. И сите странски вложувачи радо ќе инвестираат во нашата земја. Меѓутоа, денеска ние имаме фактички приватизација каде што странскиот капитал учествува со занемарлив дел од приватизацијата.

Во вториот дел каде што се зборува за информирање и промоција на Агенцијата во светски рамки пишува дека е направено се за да се промовира приватизацијата во Македонија како би се доближила до светските партнери кои се заинтересирани да дојдат да инвестираат во Македонија, дури преку и Интернет, мрежата Интернет, секој поединец да може да дојде до релевантни податоци е само напор на Агенцијата, меѓутоа за мене без никакви резултати.

Исто така Агенцијата користела можност да преку научните симпозиум се претстави и да дојде до знаење и да не претстави како држава која има  можности да странскиот капитал влезе во Македонија

меѓутоа тоа не е направено и мислам дека со ова е направена катастрофална последица за државата и дефинитивно ние технолошки, преку не инвестираше на страниот капитал, не носење на нови технологии, а во земјата нема луѓе во претпријатија кои се приватизираат, нема средства, ниту имаат знаење и технологија, која би била на тоа ниво да овозможува развој на оваа држава. И, затоа сметам дека тоа е дефинитивно, трагичен биланс од приватизација од аспект на вложување на странски средства во Македонија.

Благодарам.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, почитувана директорке г-ѓа Хаџивасилева, почитувани министри, почитувани колеги, по повод извештајот сакав неколку работи и јас да ги проблематизирам повеќе во смисла на поддршка за она што е досега направено и тоа што содржи извештајот, но и на храбрење и на Агенцијата и на нас овде сите за-едно, за поквалитетни токови од сега натаму во овој процес.

Се разбира ние сакаме да нашата трансформација, транзиција која пливаше во едни подруги услови од колку што она објективно се одвиваше, на пр, тоа да беше без блокади, околу, и да на некој начин самиот капитал во текот на сопственото оплодување настануваше и самата трансформација, па на пример да немаше војна, да беше послободен страниот капитал во овој простор да навлезе, да имавме побрза регулатива регулирана во текот на овие пет години во кои што сигурноста на сопственоста страна и внатрешна ќе беше гарантирана и по сите линии и по сите основи итн., меѓутоа тоа што сме. Значи, се одвиваше така како што се одвиваше, ќе има и падови, но мислам дека, до блокажа и г-ѓата директор дека она што е направено досега беше бар и по моја оценка максимално во наши услови она што беше можно досега да се направи, се разбира со одредени осцилации, а во некои сфери можеби можело и подобро.

Јас особено сакам да подвлечам дека радува тоа што агенцијата почнува со овој извештај, а веруваме и понатаму дека тоа ќе биде уште попродлабочено да навлезе во некои теоретски прашања врзани за самото сега натамошниот од на она што е веќе започнато и трансформирано. Мислам дека ова прашање што е во извештајот изнесено како се гради свеста за новата сопственост и односот кон сопственоста, приватна, од страна на сите чинители кои што се врзани не само за сопствениците туку и сите кои што ги регулираат односите во општеството е еден елемент кој што заслужува посебно внимание. Јас очекувам дека и агенција но и научните институции и со помош на нив треба на ова прашање да му се посвети посебно внимание. Оти , се додека не се гради свест за општо добро на тој вид на сопственост, се додека има резерва, а и јас за себе можам да кажам дека сеуште не сум начисто, ќе постојат сопки во смисла на полна слобода на приватната сопственост, било од државни институции или други нивоа на решавање во економските односи и на економска сфера.

Второ, управувањето. Нас најверојатно ќе ни треба, јас не знам се одржуваат некои семинари, гледам разни институции, некои страни, меѓутоа треба да бидеме свесни дека сепак главниот дел на управувачкиот слој во стопанските организации е наследена структура и дека тоа треба сега и со сознанија треба да се храни, но и со нови кадри, мислам стручни за да може да кажам новиот тренд на движењето на стопанските односи да може да ги носи.

Се разбира, јас ги кажав овие работи што веројатно и многумина од вас ги знаете, но сакав само да ја храбрам Агенцијата, а и Владата за преземе мерки да ангажира научни институции во овие сфери повеќе да се ангажираат.

И да кажам нешто што мене ми фали, можеби тоа не е вообичаено, мене ми фали во извештајот, па можеби би било добро, еве вака да го просудам пред вас па во идните извештаи или самата г-ѓа директор за

тоа и нешто кажа. Ми фали една врска на односите во овој процес и во оваа дејност на Агенцијата со другите владини органи. Со надлежните министерства и надлежните комисии во рамките на Владата кои што се задолжени за овие прашања во смисла на прифаќање на предлозите односно идеите на Агенцијата и во смисла на ефикасност на работата во целиот овој процес.

Морам да кажам дека имам и една посебна причина зошто на ова инсистирам. На еден комплетен пример знам дека некои идеи на Агенцијата во некои комисии на Владата не одеа така брзо, а не знам зошто. Кои што не само попречија некои идеи да се остварат порано, туку мислам дека и самите објекти ги оставија така да речам да чекаат на одлагано активирање, а можеше тој процес да почне порано. Јас ова морам да го кажам и заради моите бирачи затоа што постоеше една иницијатива за објектот од "Тетекс" во село Пирок набрзо да се трансформира. За тоа дадоа согласност и "Тетекс" и Агенцијата и министерството за финансии и Министерството за стопанство, по кога дојде во министерството за стопанство за да оди на Комисија, застана и три месеци не мрдна од место. На пример, извинете, ова морам јас да го кажам затоа што на бирачите односно на моите соселани сум и ветил дека тој процес пред три месеци одеше брзо, а не оди.

Второ, го доведовме "Тетекс" во незгодна состојба иако самиот предлагаше преку Агенцијата таа работа да се реши, тој сега да оди на лицитирање на објектот, јавно, што дефакто се откажа од сопствениот предлог, а го изневери сето она што беше идеја и што беа неколку предлози подготвени во цела Влада.

Еве да кажеме дека на овој пример се покажува дека функционалност внатре во органите на Владата мора да се игра и да се работи ефикасно. Не само во интерес на еден ваков објекти,туку на

тоа прашање чекаат уште неколку, да не кажам повеќе такви случаи. Па, би молел во други извештаи, не мора тоа да биде сега, но би молел оваа функционалност во рамките на органите на Владата малку да се истакне.

А сега, на крај за овој проблем да кажам едно јавно барање јавна оценка. Јас му предлагам и сега јавно на "Тетекс" во врска со онаа идејата односно објектот што е понуден во Агенцијата да опстои "Тетекс" на тоа затоа што мислам и за Тетекс е најдобро решение и за самата месност каде што се наоѓа тој објект. Еве од кои причини: Тој објект е веќе влезев сред село и било кој да се јави како купувач, предузимач, што ќе биде тој, не може без обврски и однос со самата месна заедница, односно селото заради поврзаност со целата инфраструктура и со поврзаноста на самиот склоп на целото население. Така да таму неможе баш било што да се произведува и било што да се прави без да имаат увид граѓаните за еколошките, за инфраструктурните и за другите услови.

Затоа мислам дека треба да опстоиме, но со ова не сакам вас да ве оптоварувам , но ова беше само заради "Тетекс" и заради бирачите ова да го нагласам како заедничка потреба.

**АЦЕ КОЦЕВАКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа , еве конечно денес поминаа две години од расправата која ја водевме по првиот извештај кој ни беше доставен од Агенцијата за приватизација, денес по втор пат највисокиот законодавен дом на Македонија расправа за приватизацијата која е тежок, сложен и многу противречен процес што ги менува односите темелно и тоа не само во економијата.

Од тие причини јас оваа расправа ја доживувам како многу значајна тема која се поставува на дневен ред на Собранието затоа што и голем број на граѓани во РМ сеуште приватизацијата ја доживуваа како голем грабеж на столетието, меѓутоа за жал, заради сите овие актуелни

политички настани сврзани со реконструкцијата на Владата ќе придонесат сето ова да падне незаслужно во втор план.

Би се осврнал на извештајот од неколку аспекти.

Прво, би зборувал во врска со надлежностите на Собранието на РМ врзани со водењето на процесот на приватизацијата.

Според законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Агенцијата е обврзана на Владата да и доставува нај- малку два извештаи годишно, а на Собранието еден извештај годишно. Досегашната пракса покажа дека од донесувањето на законот за 1993 година,м Собранието само во 1995 година, расправаше за извештајот за трансформацијата во 1994 година и мене не ми е јасно од кои при- чини на овој Парламент воопшто како точка на дневен ред во минатата година не беше поставен Извештајот; на Агенцијата за текот на приватизацијата во 1995 година. Тоа го сметам како голем хендикеп и пропуст. Јас мислев дека е вината во Агенцијата за приватизација или во Владата, меѓутоа испадна дека матичните комисии на Собранието заклучиле дека наводно нема потреба Парламентот да расправа по оваа проблематика и цела расправа се завршува со расправите на комисиите за стопанство и веројатно за тековна економска политика и развој.

Втора работа исто така според одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, според членот 31 од тој закон средствата од приватизацијата кои припаѓаат на РМ кои според член 93 од истиот Закон се наменети за враќање на долговите, на девизните штедни влогови за обезбедување на правата на работниците што ќе останат без работа, за обесштетување на поранешните сопственици и за развојни проекти според програма за намена што на предлог на Владата ќе ја донесе Собранието, сеуште, ќе повторам иако е ова четврта година од донесувањето на Законот ова Собрание ја немало таа чест од Владата на РМ да добие таква соодветна програма за намена на средствата кои треба да се слеваат во Буџетот на РМ од приватизацијата.

V/1 ЈМ/ПН

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Заради тоа, се наметнува заклучокот дека или некој во оваа држава кој е многу одговорен не си ја врши работата така како треба или пак свесно избегнува така важни законски обврски поради што се наметнува прашањето кој во оваа земја има право даги троши средствата од приватизацијата без за тоа да добие согласност од Собранието се разбира онака како тоа го предвидува Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Исто така, би сакал да го актуализирам прашањето каков е односот на Владата кон одвивањето на процесот на приватизацијата поради што неопходно е да се даде одговор на прашањето дали Владата доволно го следи процесот на приватизација, дали е доволно информирана и дали овој процес како еден од столбовите на реформите што ги предлага Владата ќе го управува во вистинска смисла на зборот, или ќе го остави да тече така како што течеше досега. Ако се извлекуваат заклучоци според мислењето што го довивме од страна на Владата кое за жал е премногу сувопарно, има само една реченица која вели дека Владата му предлага на Собранието да го прифати извештајот. Владата не ги удостои пратениците со никакво свое мислење во врска со спроведувањето на приватизацијата во 1996 година што за мене е крајно неодговорно и недопустливо за една сериозна Влада каква што претендира да биде Владата на РМ. Од тие причини во име на пратеничката група на ЛДП си земам за право да предложам неколку работи кои сметам дека треба да бидат прифатени од Собранието на сличен начин како што тоа го направивме во 1995 година односно да не го усвојуваме извештајот на Агенцијата се до оној момент додека Владата не одговори на тие поставени прашања, а тие прашања би биле следни: дали се остварија целите од Законот за трансформација на претпријатијата со Агенцијата

на РМ за трансформација на претпријатијата со општествен капитал кои беа изнесени во образложението при донесувањето на законот, после ќе се навратам на тоа. Зошто дојде до значајни отстапувања од Законот од страна на Агенцијата и Владата на РМ и колку процесот на приватизацијата излезе надвор од контролата на Владата на РМ и Собранието и зошто Владата на РМ во сите овие години не предложила програма за намена на средствата иако тоа и е законска обврска.

Се сеќавате дека во времето кога се стартуваше со приватизацијата и кога се донесуваше Законот како главни цели кои треба да се постигнат со процесот на приватизација се потенцираа дека на Македонија и е потребна брза, платена и ефикасна приватизација. Јас ќе се обидам да ги негирам овие 3 елементи кои беа како клучни цели поставени уште на самиот старт во приватизацијата.

Прво, далеку е од памет дека приватизацијата вака како што се одвива во нашата земја се одвива на брз начин, можеби не по вина на сегашниот раководен тим на Агенцијата за приватизација, можеби причините треба да ги гледаме во првиот почетен период кога воглавно приватизацијата се одвиваше по таканаречениот закон за Анте Марковиќ. Меѓутоа, далеку сме од тоа да констатираме дека е остварена првата цел за брза приватизација, па дури и ако правиме компаративни споредби со другите земји кои се наоѓаат во транзиција како РМ.

Втората ,цел, платена приватизација. Ако се гледаат бројките што се ставени во Извештајот и ако се имаат во предвид фактите кои во континуитет беа изнесувани и во изминатиот период исто така може да се констатира дека ние имаме било каква приватизација, а најмалку платена приватизација, затоа што очигледно е дека плаќањето во кеш во приватизацијата најмалку се извршува од сите можни начини на

плаќање. Од тука се поставува прашањето врз основа на кои одредби од законот за пример е дозволено начин на плаќање од 7 години со 2 години грејс период. Ние колку што се обидувавме да анализираме не изнајдовме таква законска можност. Исто така, се поставува прашањето зошто е најпопуларен откупот на претпријатијата со заробени девизи каде што како најоштетени се Јавуваат сите оние би рекол кутри граѓани на РМ на кои уште од поранешна Југославија им беа заробени девизни заштеди и сега сакајќи или не сакајќи се принудени за 58% од вредноста на своите девизи кои некогаш чесно ги заработиле да им ги даваат на бизнисмените за по багателна цена да купат со една вредност на пари многу повеќе акции отколку што во реални услови би можеле да го направат истото. Исто така од тоа се отвораат и многу други отворени прашања кои Агенцијата се обидува да ги разјасни на некој начин со констатациите кои се изнесени околу сите фами што владеат во врска со приватизацијата во РМ и околу најавите за можни ревизии доколку некои други политички партии дојдат на власт итн. Јас на тоа би одговорил дека ниедна сериозна политичка партија во Македонија веќе не треба воопшто да спори со концептот за приватизација во РМ, затоа што расправата за концептот според мене е премногу задоцнета и во случајов непотребна иако некој решенија беа неприфатливи Сега не е воопшто тоа важно. Важно е дали законот доследно се спроведува и дали на мала врата се прават одредени отстапки и дали се напушта основниот дух на концептот кој беше поставен на самиот почеток. Доколку се поставуваат работите поинаку со преиспитување мислам дека непотребно би се вратиле на самиот почеток и дека на целата држава би се нанеле огромни штети. Се разбира во тој смисол можни се ревизии во оној смисол како што тоа и самата Агенција го кажува од аспект на тоа дали имало злоупотеби во процесот на приватизација без

разлика од кои институции во РМ и од кои претпријатија и како на сето тоа да се одговори дали од оваа власт, или од некоја следна власт? Тука исто така е многу интересно прашањето на објективната процена на вредноста на општествениот капитал што како прашање секогаш ќе биде отворено, затоа што не може да се одмине фактот дека навистина многу граѓани на РМ ова го чувствуваат како голем грабеж, затоа што мислат дека објективно е потценета вредноста на општествениот капитал во РМ, се разбира компаративните показатели би биле колкава е книговодствената вредност виза ви проценетата вредност на општествените претпријатија, меѓутоа во услови кога претпријатијата работат со значително намалени капацитети, а според некои податоци тие капацитети работат со околу 30% од нивната моќ, а во тоа свој удел има и недостатокот на свеж капитал и отсуството на пазар на капитал и отсуството на странски вложувања во РМ, се разбира дека објективно паѓа вредноста на општествениот капитал. Интересно9 прашан>е во овој смисол и многу сум задоволен што Агенцијата го отвора и тоа прашање околу притисоците што се прават во претпријатијата врз работниците за да по многу пониска цена ги продаваат своите акции на менаџерите. Мислам дека ова прашаше сериозно треба да не загрижи сите нас кој на некој начин директно, или индиректно се занимаваме со политика, затоа што во услови на олкава масовна огромна невработеност во РМ кога секој човек е сериозно загрижен аз своето работно место како извор на средства за егзистенција на своето семејство е должен понекогаш да прекутува и нешто што не би си дозволил во друга ситуација да го дозволи се ставени голем број на работници во ситуација на своите директори и раководители буквално да им ги продаваат по многу ниска цена своите акции само за да ги задржат работните места не можејќи да

го издржат притисокот од заканите дека ќе бидат прогласени за стечајни работници, или технолошки вишок, доколку се спротивстават на тоа и не ги послушаат своите претпоставени. Примери има многу околу тоа како е вршена проценката на општествениот капитал. Во последно време имав можност да прочитам во весниците една бројка од 2 0 милиони марки за купувањето на Гранд хотел од Скопје. Морате да признаете дека е тоа апсолутно нереална цена ако се има во предвид самата локација на Гранд хотел во Скопје и вкупната корисна површина во најексклузивното место во Скопје, дека е тоа далеку од памет дека чини само 20 милиони марки и на тој начин мислам дека е драстично оштетена државата. Исто така практицирањето на моделот на купување на претпријатијата од страна на менаџерите што на некој начин го отвора прашањето за третиот аспект на целите од приватизацијата за ефикасноста, затоа што ако така се гледа може да се дојде до заклучок дека тие претпријатија кои добро работеа во минатото си ги купија менаџерите кои ги управуваа тие претпријатија побркувајќи ја сопственоста со менаџментот, односно со управувањето на претпријатијата и продолжија ефикасно да работат и во новонастанатите услови односно дека ефикасноста не е добиена со процесот на приватизација, туку продолжија ефикасни да бидат оние претпријатија кои беа и пред тоа ефикасни. Исто така, Агенцијата мора да даде одговор и на прашањето што со оние претпријатија кои поради надворешното опкружување потребата работниците да ги задржат своите работни места беа продавани со потценета вредност на капиталот, а после тоа отидоа во стечај или во најмала рака новите газди ги набркаа работниците од кои ги купија претходно фирмите. Такви случаи има колку што сакате во Македонија, односно суштината намалена е вредноста на каспиталот за да се задржат работниците, а

новите газди воопшто не ги задржаа работниците, туку баш напротив ги пратија на бироата за вработување, каде што државата по 2 основи е оштетена. По еден основ затоа што го продала општествениот капитал пониско отколку што заслужувал и вредел. А по втор основ затоа што истите тие работници наместо да примаат плати од таму од каде што требало од претпријатијата, примаат плати, односно социјална помош преку буџетот на РМ.

Исто така овде се отвора и прашањето за лицемерниот однос на СДСМ спремс процесот на приватизација во изборната кампања. Ако с направи паралела какви беа заложбите, односно декларативните залагања во изборната кампања на СДСМ од типот: направивме 220 илјади акционери во РМ за да сега Агенцијата констатира дека баш тоа што имаме 22 0 илјади акционери не е придобивка на процесот на приватизација, туку баш е кочница и лоша работа, затоа што од старото самоуправување сега добивме работничко акционерство кое не придонесува кон зголемување на ефикасноста во работењето.

И на крајот би сакал да кажам дека за мене сеуште е отворено прашањето за чувството на нарушување на правичноста во процесот на приватизацијата поради нееднаквите услови за приватизација на одредени видови на општествениот капитал при што на пример деловниот простор се продава со јавни лицитации значително високи цени, а далеку позначајниот дел претпријатијата во општествена сопственост со затворени понуди. Тука исто така е интересно и прашањето за хендикепот на сите нас што процесот на приватизација не предизвика интерес за странски вложувања во РМ. Јас не би се согласил со изречените констатации дека тоа се должи пред се на меѓународната позиција на РМ која се наоѓа на едно исклучително ризично подрачје на

Балканот. Причините би сакал да ги бараме искрено и во самите себе, затоа што сметам дека државата РМ не направи доволно со прилагодувањето на својот правен систем пред се со донесување на соодветни закони кои ќе им гарантираат сигурност ан странските инвеститори да направи благопријатни услови за вложување на странски капитал во нашата земја. Со молба да бидат прифатени нашите предлози.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Зоре Темелковски.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, сметам дека денеска навистина имаме една актуелна тема и добра е за расправа и за учество на сите, но е трагедија и се гледа од сериозноста на пратениците колку станала анализата да ја искористат дали за политички маркетинг, или за вистинска социјална сигурност на приватизираните претпријатија и за остварување на личните доходи на истите.

Извештајот за активноста на Агенцијата за приватизација е добар преглед на податоци и констатации за досегашниот тек на сопственичките реформи во Македонија. Кон нив може да се пристапи во политички аргументи како што беа и на претходниот говорник дека тоа е грабеж кој досега се одвива, а може да се пристапи со економски аргументи и може да се пристапи со факти и стварности од стопанственици и претприемачи кои го имаат товарот врз себе. Процесот на приватизација не поминува без социјални проблеми и притисоци. Тоа

ни е јасно на сите нас овде и кога го носевме овој закон и кога сит заеднички едногласно го донесовме, што е дел од цената која мора да се плати поскоро, или подоцна. Без оглед на волуменот на трансформираната општествена сопственост некои факти мора да се регистрираат. Во игра секако и претходните дискутанти кажаа дека е капитал, или вредност од 2,5 милијарди марки што беше предмет на промена на сопственичките права од државни и општествени во приватни. Тоа е повеќе сигурно од еден буџет на Македонија. Се разбира прашањето дали е толку вредна имовината што беше создавана со децении ќе остане предмет на дискусија кога ќе профункционираат и другите сегменти за кои говореа и претходните дискутанти. Сметам дек тоа ќе биде предмет на проценета вредност потценета или преценета, кога ќе профункционира берзата на хартии од вредност. Во овој момент секој има право да ја гледа до своја гледна точка. Но ние мораме да се соочиме со влијанието на пазарните критериуми кои сеуште се без сите правни, економски предуслови за да можеме преку пазарот да го вреднуваме акумулираниот и тековниот имот. приватизацијата се одвиваше во еден наш затворен круг без притисок од странство, без заинтересираност на надворешните фактори да се лоцираат во Македонија што беше констатирано и од досегашните дискутанти.

Второ, најдоминантниот модел е откупот на кациите од страна на сите вработени. Тоа зборува за најмалку 2 спротивставени движења. Наспротив барањата за познат и доминантен сопственик со кои можеме да бидеме конкуренти во трансакциите со странство и да привлечеме странски капитал. Фабриките и претпријатијата главно останаа во работничките раце. За вкупниот амбиент во Македонија тоа можеби е добро зашто тоа произлезе и од претходните дискутанти зошто упорно се тврди дека директорите ја искрадоа државата, дека е ова пљачка на

деценијата, дека капиталот помина во рацете на поединци. Кога се работи за големите системи факт е дека менаџерите не ги однесоа дома колективите со кои понатаму раководат. Истовремено повеќето од нив ја задржаа кондицијата за стопанисување во новите услови. И наместо денес да има дадеме некакво признание, ние ги имаме предмет на критика затоа што обезбедуваат плати и сигурност на околу 200, или 300 илјади вработени во Македонија. Тука не треба да се заборави дека во државата и понатаму преовладува социјалистичкиот резон со прашањето: што ни требаше приватизација, или дали не беше подобро да си го поделевме имотот преку оние модели кои што ни ги нудеше опозицијата за поделбата на ваучерите. При тоа сите сме на број и сите ќе бевме задоволни. Се разбира не може да се биде слеп пред низата деформации, особено свесните и добро организирани стечаи преку кои за багателни цени се купуваа добри трговски друштва.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ: (**продолжение)

Но, за тоа заслужува нешто повеќе и подоцна, бидејќи тоа беше кажано од некои мои претходни дискутанти.

Трето, наместо со евтин партиски менаџмент и потреба да се кокетира со сегашните социјални проблеми мора да истакнеме дека со или без приватизација кога тогаш ќе се покажеа сите слабости од пребукираноста во колективите. од сите комунистички акции за вработување за што се свесни мнозинството од пратениците кои денеска седат овде.

Приватизацијата и пазарот ќе ги регулираат состојбите на пазарот на работната сила што сеуште не заживее, но ќе мора да се формира, а не и понатаму да се кокетира со синдикатот и д се изнаоѓаат некои нови модели. Истовремено мора да сфатиме дека ја плаќаме цената на економскиот и технолошкиот вишок. Сега е време да се изврши дополнување на регулативата која ќе биде ректив во работното и социјалното законодавство, но крајно време е да се донесе законот за обесштетуваше на сопствениците на поранешните имоти. Тој закон сеуште седи во Собраниските фиоки. Дотолку повеќе што е на ред и приватизацијата на земјоделските задруги и комбинати иако преку 70% од земјиштето се наоѓа во приватна сопственост.

Четврто, извештајот на Агенцијата за приватизација го лоцира како важен предуслов за понатамошниот текст на приватизацијата заживувањето на берзата на хартии од вредност. Без неа нема ефикасна циркулација на сопственички имотни права. Без неа сегашните херметички процеси натаму ќе ги затвораат колективите. Ќе отсуствуваат акциите за до приватизација, бидејќи се регулирани со Законот за трговските друштва или за продажба на акциите како мотив за прилив на свеж капитал што ќе биде неопходен за технолошкото обновување и модернизацијата.

VI/2.-

Ако до тоа не дојде тогаш, ние не ќе создаваме нова вредност, туку ќе ја јадеме постојаната акумулација која ќе заврши кога преку дивидендите ќе се откупат сопственичките права на претпријатијата. Експертите од Агенцијата со право предупредуваат на овој проблем. Цитирам: " со ова се ограничува можноста за слободно тргување со акциите. Се ограничува димензионирањето на капиталот, се формира искривена слика за вредноста на акциите и ред други аномалии". Тоа практично значи дека ние, дефакто, промовираме мини ваучеризам во големите колективи и тоа пред се тие што се приватизираа во првата рунда по Законот на Анте Марковиќ во бивша Југославија.

Постојат и други констатации кои се дојдени низ расправата на Комисијата за стопанство и се разбира можам лично да ги согледам без предрасуди дека некој ќе ме етикетира за пренагласен капиталистички имиџ. Јас од тоа не бегам затоа што Македонија ја сметам за релативно стабилна за економско работење, за што ако во неа не веруваме самите тешко дека странските вложувачи ќе сакаат да се испробаат на овој мал простор. Тоа го потенцираше г-динот Томе Стојановски дека доколку стално се критикуваме нема кој да ни верува По природата на работите приватизацијата е за дополнително мотивирање на претприемачите и менаџерите. Без неа сите ќе бидеме задоволни со сиромаштијата иако веќе преовладува амбиентот дека ни беше поарно во старите социјалистички времиња.

Како завршија моделите во соседството и владите кои протежираа таква социјализација може да се види во сегашните настани кои не опкружуваат. Покрај овие мои лични презентации не е за потценување дека во последните две години, а особено 1996 година се зголеми учеството во приватниот сектор во националниот доход. Тоа беше

констатирано од директорката на Агенцијата. Тоа зборува за потенцијалот што го имаат малите и средни фирми во развојот на економскиот пазарен амбиент. Без него не ќе можеме да создаваме имиџ на држава со реформи поддржани со економска и политичка стимулација од меѓународните фактори. Зарем тоа не е доволно за сите кои сакаат со критичност да пристапуваат. Притоа, не секој и не сите способни да го фатат времето и регулаторот. Просторот за производство и трговија и нормално е да се на страна на критичари. Конкуренцијата ќе биде најважен дел и станува најважен придружник на приватизацијата. Откако таа заврши во најголем дел од фирмите, откако се реализирани проектите за преструктуирање на големите системи во Макротија се евидентирани првите податоци за зголемување на производството. Секој има свој коментар и на тоа зголемување на производството. Нека го задржи времето ќе покаже. Зарем тоа не е визит карта за издржливоста на владеачките политички субјекти пред критиките во дел од домашната јавност, пред критиките на опозицијата. во меѓувреме и бизнисот си ја доби својата цена. Тие што умеат секогаш и секаде ќе профитираат. Меѓутоа, при од- делни девијации не можат да се затвораат очите. Секој од нас субјективно ги презентира и преживува. Меѓутоа, во јавноста се создаде слика дека приватизацијата е грабеж на обезвреднетиот имот. Стана предмет на дискусија на сите оние кои сакаат да ја користат во евтин политички маркетинг.

Не господа, политичкиот маркетинг е минато. Реалноста е во претпријатијата каде треба а се обезбеди сигурност на тие што се трансформирани. Во најголем број случаеви таквиот впечаток е поради свесно организираниот стечај кај колективите кои инаку беа во фокусот на интересите на разновидни политички судски симбиози Архивите на

екс стопанските судови практичните чекори на одделни поединци од државно стопанскиот ешалон добро етаблирани во разни здруженија и групации ќе покажат на каков перфиден начин е игра на играта за да се купи или добие недвижниот имот на одделни колективи кои свесно беа блокирани или за кои долго траеше стечајната постапка. Имаше укажувања и во претходниот парламент и сега. Потоа со принципите камата врз камата или наводно затворени опции на порамнување се уништуваа добри колективи.

Ќе го спомнам, како и моите претходници, еден од новите случаеви, тоа е случајот со "Трготекстил". Зарем не е малку да се сменат два стечајни управника и повторно работниците да бидат пред Собранието веројатно не знаејќи дека треба да одат пред Агенцијата нормално атрактивните простори на улицата "Маршал Тито", атрактивност на евтини заработки и сето тоа го девалвира успехот на досегашното работење на Агенцијата. Поради нив, и кај нас е главнината на штрајковите и незадоволствата на вработените, а поединци сакаат тие штрајкови да ги прикажат и незадоволства во приватизираните претпријатија и сакаат да ја искривоколчат вистината која ја гледаат секојдневно на улиците .За сега не ни е познат штрајк или смена на управувачките тимови според регуларните модели кои се приватизирани. Најголемиот бес е кај постапката за стечај. Затоа сметам дека се неопходни корекции или донесување на нови законски решенија за стечајот. Затоа како член на Комисијата за стопанство предложивме Законот за стечај да оди по итна постапка во овој пратенички дом. Преку неговите нелегални канали е одлеат значаен дел на општествениот недвижен капитал.

Последно прашање за кое сакам да го истакнам своето мислење па и некои сугестии и размислувања од Комисијата за стопанство на овој парламент се однесува на гласните барања за ревизија на процесот на приватизација.

VI/5.-

Право е на секоја партија или политичка групација, па и на разновидните лоби групи да го протежираат таквиот став како додворување кон јавноста. Секоја власт води своја политика за која е одговорна пред гласачите, па и СДСМ исто така најодговорно го сфатил овој процес. Ние не направивме ревизија ниту на претходните модели на затекнатите приватизации, од друга страна ревизијата е правило враќање на почетните позиции за што во основа тие подразбираат радикално нови форми и постапки за приватизација. Дали отворањето на такви процеси ќе може да ги заобиколи некој одамна завршени процеси на отуѓување на пример општествениот станбен фонд. Кому служат подгревањата на таквата атмосфера на несигурност во државата која сигурно гази кон Европа и која со задните постигања и потпишувања и поддршки добиени од Светската банка е гаранција за една светла иднина во Македонија само за оние кои ја сфатиле дека со работа и одговорност спрема оваа држава.

Мислам дека и Агенцијата за приватизација ја пропушти шансата преку една поинтензивна стручно едукативна кампања е да создаде или да ги обликува амбиентите за стабилна приватизација и процесите на тран- формација на капиталот. Во одделни случаи самата придонесуваше за конфузни реакции и толкувања на нејзините постапки, па и одлуките и затоа се создаде таквиот амбиент.

Агенцијата за приватизација иако малобројна по состав на вработените се покажа како релативно способна да ја проценува вредноста избраните модели за приватизација на општествениот имот. Затоа и ме чуди нејзиното отсуство од ангажманот за моделот на приватизација на големите капитални добра. Зачудува, на пример, што не се слуша нејзиниот глас, околу концептот за приватизација на Градскиот трговски центар во Скопје.

VI/6.-

Без оглед на сите критики Агенцијата ни подготви солидна основа за политичка дебата на поединци кои имаат своја посебна визија од која може да се извлечат мерки за промена на дел од законите што се надживеани или прегазени со времето и процесот.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Реплика бара г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Видете, јас не би бил пратеник на Либерално демократската партија доколку би му го оспорил правото на било кој говорник да има право на свое видување, на свое мислење, тоа е едноставно неприкосновено право дали тоа што го зборував јас или останатите е политички маркетинг или процесот на приватизацијата навистина голем број на граѓани од нашата држава го доживуваат така како што јас се обидов да прикажам да оставиме да проценат самите граѓани на Република Македонија.

Наместо ваквиот, на моменти,циничен говор на г-динот Зоре Темелковски јас би го повикал да има храброст од оваа говорница наместо таков говор да одговори на следните прашања. За колку пари го купи скопски "Лозар", ако сака и за потеклото на парите затоа што Владата предложи законски проект за штедачите во ТАТ кои имаат повеќе од 50 илјади ДМ да приложат од каде им е потеклото на капиталот за да бидат штедачи во штедилницата ТАТ и што стана со вработените од поранешниот скопски "Лозар"? Дали ја имаат судбината на оние многу работници кои откако новите газди со обезвреднет капитал, попуст од државата, за да ги задржат вработените мораа потоа да ја делат судбината на илјадниците граѓани кои поминаа на заводите за вработување оштетувајќи го државниот буџет со многу средства во вид на дотации и социјална помош, дури тогаш можеме да разговараме искрено за процесот на приватизацијата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Темелковски.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛМКОВСКИ:**

Е г-дине Аце во тој "Лозар" кој е купен и преценет ти можеш да направиш една анкетна комисија и сето тоа да им го соопштиш на твоите колеги без некои твои предрасуди, а за враќањето кон социјализмот ќе почекаш малку.

Јас својот капитал стекнат и пред оваа пратеничка функција го трошам за да создадам нова вредност вклучувајќи ја и грижата за вработените и се 114, запиши ги, а го имаш г-динот Мешков пред тебе и твојот колега од истата пратеничка група. Вклучувајќи ја грижата за вработените, не се малку, за нивната социјална стабилност и навремена работа и плата. Тоа ќе ти го потврди фондот. Се друго е потрошувачка која останува во државата за која едно приватно претпријатие годишно партиципира значајни средства како во буџетот преку даночните давачки така и во социјалните и пензионите фондови. За сето ова не треба јас да ти го соопштам, ти си доволно умен ти си два мандати пратеник, тука има институции, па можеш да побараш за сето тоа во институциите, не треба од овде, ова е ситен политички маркетинг. Големиот маркетинг е тој и ќе ме прозовеш ако не примеа моите работници на први плата или не платив придонеси или сокрив на тие плати - лични доходи што ги плаќаме под групацијата, а јас не би сакал тебе да те проверувам затоа што ти сеуште се бавиш само со политика. Кога ќе бидеш од страната на стопанството, јас напомнав и во претходното излагање, некои извештајот го гледаат како политички, а јас го гледам како претприемач и стопанственик. Е, тоа е г-дине Аце.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Чифлиганец.

VI/8.-

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседавач, почитувани колеги и пратеници јас би сакал повеќе да се осврнам, ако може трпение, на времето пост приватизацијата.

Денеска ни е доставен извештајот за работа на Агенцијата на Република Македонија. Според неговата изештајна содржина спрема дискутантите верувам дека во најголем дел ќе го поддржат, но исто така би сакал од оваа говорница генерално некои принципиелни забелешки да дадам повеќе лично а најмалку да му дадам партиска боја на овој материјал.

Само во 1996 година, се приватизирани околу 327 претпријатија што рече и самата директорка на Агенцијата денес е приватизирано и илјадитото претпријатие што набргу во текот на оваа година ке бидат завршени уште 200-250 претпријатија.

За поздравување е што во 1996 година, се остварени 106 милиони ДМ или 63,83% од досега вкупно остварени 167 односно во текот на овие четири месеци 195 милиони ДМ, што е за два пати повеќе од оствареното во 1995 година, односно за 5-6 пати во однос на 1994 година. Се би било само за поздравување и за честитки доколку не го погледнеме изнесеното од друг аспект и не се потсетиме на она што беше првична заложба со цел во периодот кога одлучувавме каква национална економија сакаме да изградиме и се определивме за држава со отворено пазарно економско и такво политичко опкружување што го имаме денеска.

Ова го искористивме најпрвин како фундамент во создавањето на правната рамка за потоа да се ангажираме околу оживотворувањето на зацртаните цели и тоа прилагодување и посебно стабилизирање на стопанството, на цените и на девизниот курс, ублажување на буџетскиот дефицит, урамнотежување на тековните приходи, трошоци и на сите

фондови во макро- економијата, а ја либерализираме трговијата и странското вложување, но, за жал, на едно микро ниво. Се со единствена цел во што туку осамостоената држава Македонија да го примениме она што на запад толку години веќе долго функционираше со успех слободна пазарна економија која во крајна линија резултира со благо- состојба на граѓаните, претпријатијата, институциите, установите и државата во целина.

VII/1.-HH/0M

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Заложбата и желбата беше голема, вредна да се направи се да се плати цената што помалку. Создавање на нови приватни претпријатија за преструктуирање за подобрување на управувањето со јавни претпријатија и приватизираните денес илјада претпријатија. Но, дали ни требаше се прашувам во овој момент со такво темпо приватизација. И дали токму со продажба и по метод случај по случај, дали теоретските методи беа успешно применете и приспособени на наши услови, или пак зафатени од балканскиот синдром претрпеа искривување кои го поништија ефектот на креативното копирање и смисолот на приватизација која веќе со децении , па и векови е потврдена на запад. Дилеми како тема за анализа на сегашните и на идните економски стручњаци и одговорни субјекти за оваа проблематика ќе биде и понатаму. Теоретски видено тоа подразбира титуларот, кај нас сопственикот или менаџерскиот тим да дал свои пари во купувањето на акции на претпријатието и воден од мотивот не само да ги изгуби веќе вложените , туку и да ги оплодува своите пари го води претпријатието, го развива во постоење и настојување за негова поголема ефикасност, која во крајна линија ги резултира со зголемување на цената на своите акции, кое може единствено да се базира на претходно остварување на поголем доход и добивка во претпријатието, а со тоа и најчесто и редовни плати на вработените , како и поголемо инкасирање на државните каси. Теоријата е јасна. Прецизни се и нејзините примени вткаени во законските обврски доколку сето ова соодејствува со нашата практика.

Од досегашните и од денешниов извештај од Агенцијата јас не сум докрај убеден дека до крај одговоривме на поставената цел. на пример би одел постапно во основните прашања на кои барам сам одговор а

веројатно и како институции и како законодавен највисок дом денес што расправаме пред Парламентот.

Ако во основа не успешноста на општествената сопственост ја лоциравме во непостоењето на титуларот како носител на сопственоста над капиталот со кое располага општественото претпријатие поради што го окарактеризиравме како капитал кој беше не ефикасен бидејќи беше сечии и ничии зошто никој не дал свои пари за да се стекне со сопственоста, иако секој ги користи правата, но не ги сносел обврските кои што произлегуваа од сопственичките права. Се прашувам колку и дали сега именуваните сопственици дале сопствени пари за купување на акции со што стекнале права како со сопственици, а согласно на тоа пак ги сносат и одговорностите за неуспехот, или ги уживуваат привилегиите на зголемените успеси на претпријатието, а поголем дел од вработените не ги уживаат основните права односно лични доходи и плата. Барав во извештајот, а и самата директорка на Агенцијата рече, а тој вели од прибраните 167 од- носно до денес 195 милиони долари од кои 100 милиони долари 60% се од заробени штедни влогови, за кои износ се намали обврската на државата кон граѓаните сакале не сакале како закон, како Агенција тоа е голема работа да дел од не правата направени према штедачите полека полека се враќа долгот. Јас се прашувам во овој момент дали ние треба да бидеме задоволни само со 21 милион германски марки да се прибрани како готови пари во државната каса. Јас не ја проценувам програмата што поединци ја бараат, за 20 милиони германски марки која програма би ја правеле ние како институции, како ресорни министерства, а секако и како Влада и како Парламент кога тоа се минимални средства.

Се прашувам, зборуваме на големо пред македонската јавност, јас верувам во најголем дел и одборонамерно ако сме ние приватизирале со

денешен ден илјада претпријатија, а сме собрале 195 милиони долари значи просечната цена на едно претпријатие приватизирано со 51% вреди 195 милиони германски марки. Мислам дека од тоа можеме да извлечеме многу заклучоци како пратеник, како парламент, како одговорни субјекти и во претпријатието.

Дали да бидам убеден дека така мора да биде бидејќи секој за свои пари може да прави што сака, ако не сум сигурен колку и дали воопшто тој некој и дал на Агенцијата свои пари. Дали да и поверуваме на тие сопственици кои велат дека тие се еднаш и за секогаш одредени да ја определуваат судбината на вработените, претпријатието и државата.

Јас почитувани колеги со ова не би можел да се согласам бидејќи ништо не започнува со нас, ниту завршува со нас, ниту со оваа Агенција. Затоа би требало од оваа говорница на своите работни места кога зборуваме за приватизацијата да појдеме со други мотиви, побуди, од друг аспект да ја гледаме приватизацијата. За мене е многу битно да се запрашаме како сопственици, како менаџери и менаџерски тимови што постигнавме со приватизацијата. Колку го зголемивме обемот на производство? Колку го подобривме квалитетот на производите, бонитетот, лик- видноста на претпријатието? Колку ги зголемивме платите, колку инвестиравме, колку нови луѓе вработивме, колку вработени преквалификувавме и реактивиравме во производен процес и колку ефективни средства инкасиравме во државната каса по основ на даноци, царини, акцизи и друго. за да сме до крај убедени во исправноста на сегашната приватизација би сакал да ги знам горе наведените одговори. Свесен сум дека за ова ќе биде потребно анализа, некаде контрола, ревизија, некаде реконструкција на целиот случај, ќе бара средства и време, ангажман на релевантни установи но сметам дека само така ќе можеме да ги издвоиме совесните, креативните

сопственици од оние кои подзаборавиле на своите обврски, но што е уште поважно за мене ќе дознаеме колку повеќе или колку помалку сме ја оствариле целта за негова и општа поголема ефикасност.

Доколку го прифатиме понудениот извештај, а за тоа во нај- голем дел позитивно ќе се изјасниме и лично, но ако немаме критички приод, а да се остави како и досега на поедини слабости верувам дека и целокупната трансформација односно приватизација ќе девалвира, а сека ко и останатите претпријатија кои треба уште 20 до 30% што не се приватизирани ќе биде ризминимизирани и ќе имаме уште повеќе слабости во целокупната трансформација односно приватизација.

Јас се вбројувам во практичарите и затоа предлагам да се светиме кон оние сеуште се во состојба да инкасираат свежи пари во нашето стопанство. Да им дадеме предност ан оние претпријатија не само што опстоиле, туку и сеуште се во оној дел правни субјекти кои во рамки на македонското стопанство значат нешто не поради друго, туку поради фактот што ефективно придонесуваат за себе и за државата во целост. Во најголем дел имаме такви приватизирани претпријатија. Да не ги попречуваме во нивното успешно делување со наметнување на приватизационите решенија со чиј одраз не сме сигурни, бидејќи со сигурност можеме да кажеме дека приватизационите решенија и модели даваат резултати кои зависат од случај до случај. За нивната примена не можеме да користиме ниту домашни ниту пак светски практични искуства. Можеме да ги користиме теоретските основи споредувајќи ги привелегованите и нашите специфични услови. Затоа не е грев да ги дополниме сегашните заложби со овие предлози што нудат свежи пари од Републиката, уште подобро средства од странство што беше предлог и на некој претходни дискутанти. Затоа приватизацијата треба во крајна линија да резултира благосостојба на сите вработени, на граѓаните , а не само на поединци. Претпријатието,дејноста институциите, установите и

државата во целост. денес имаме сеуште некои не дефинирани состојби во трансформацијата односно приватизацијата на сопственичкиот капитал токму кај располагањето со минералното благо, затоа што има доста претпријатија кои се трансформирани, приватизирани, но Законот за концесија што е донесен во изминатиот период сеуште доволно не зборува ако имаме трансформирани рудници, мислам дкеа на тој план треба во наредниот период посебно да е посвети внимание што се приватизацијата на рудниците кои располагаат со минералното благо. Јас не би сакал повеќе да должам. Јас би го сфатил само процесот на трансформација односно приватизација како фактор, за подобро работење за зголемуваше на производството, за подобра економија, а на крајот и за појака држава

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Подолго време во Собранието на Република Македонија се расправа за оваа мошне значајна и чувствителна тема, а тоа е трансформација на општествениот капитал, или пак како што ја викаме популарно приватизацијата во РМ. За оваа тема верувам сите ќе се согласите многу почесто требаше да биде тема на дневен ред на ова Собрание со оглед на значењето и интересот што ќе го предизвикува во јавноста.

Навистина не е јасно зошто не расправавме за извештајот за 1995 година и така го губиме континуитетот на работите. Ние сега расправаме за извештајот од 1996 година, а 1995 година никаде не беше спомната, ниту пак Собранието расправаше.

Од сите овие расправи можеме да заклучиме дека за сите граѓани, а и за пратениците се наметнува прашањето дали и колку е ефикасна приватизацијата.

Јас мислам дека за поголем дел од граѓаните одговорот би бил не и тоа од повеќе причини. Една од најважните причини е дека сосема се ретки примери на претпријатија кои по отпочнувањето на процесот на приватизацијата задржале ист број на вработени или пак како некој исклучок го зголемиле нивниот број. Напротив за најголем број на вработени приватизацијата значеше отпуштање од работните места.

Доста се зборуваше и за стечајот бидејќи голем број од приватизираните претпријатија набрзо по приватизацијата отидоа во стечај, а исто така голем број од нив пред започнувањето на приватизацијата отидоа во стечај. најчесто одењето во стечај беше свесно направено со цел да се обезвредни цената на претпријатието и да се избркаат вработените. Се поставува прашањето, а тоа го кажаа и претходните дискутанти зошто иако Владата го најавуваше пред две години законот за стечај не е донесен.  Зинеме дека и комисиите реагираа не само сега туку и порано во Собранието исто така и јас сум еден од тие што пред повеќе месеци поставуваме пратеничко прашање на кое и ден денес не е добиен одговор ниту јас ниту другите пратеници, зошто сеуште не е донесен законот за стечај и кога се планира неговото донесување. Доколку порано се донесеше законот за стечај или закон кој што ќе ја регулираше оваа материја сигурно дека ќе се намалеа можностите за злоупотребите при одењето во стечај и свесното одење во стечај. Со одењето во стечај непосредно пред приватизацијата државата е двојно оштетена. Имено се намалува цената на општествениот капитал и државата добива многу помалку пари и

второ вработените наместо да примаат плата од тоа претпријатие кое би требало да работи примаат надомест од државата. Значи имаме двојно оштетување на државата со одењето непосредно пред стечај на овие фирми.

Оттаму сметам дека овој извештај требаше да содржи колку од овие околу иљада претпријатија по приватизацијата се отидени во стечајј и колку вработени се отпуштени од овие претпријатија односно колку претпријатија кои се или приватизирани или пред приватизацијата отишле во стечај. Со тоа мислам дека би добиле една по реални и поцелосна слика затоа што најмногу се дискутираше на темата бројот на вработените пред приватизацијата по приватизацијата, зло употребите во стечајот. Доколку имавме во извештајот јасна слика колкав е бројот на овие претпријатија кои непосредно пред приватизацијата или по приватизацијата отишле во стечај в' имавме можеби појасна слика и за ефектите од приватизацијата.

Доста се зборуваше и за странските вложувања , за кои што сит* сме согласни дека се сосема незначителни. Јас само би компарирал еден податок дека во РМ последните години имаме странски вложувања само 36 милиони долари, додека во другите земји, кои се во така наречена транзиција тие странски вложувања се многу пати повеќе. Ако се во Македонија 36 милиони долари во Албанија се 200 милиони долари, во Словенија 400, а да не зборуваме за Чешка каде странските вложувања за истиот овој период се за 4 милијарди долари, или пак за Унгарија каде што странските вложувања се 8 милијарди долари. Зошто ако се спореди од овие податоци во последниот период ќе видиме дека тој сооднос е уште по неповолен и ако се спореди соодносот на овие земји во транзиција со РМ со странските вложувања во производство, бидејќи знаеме дека ниту едно општество ниту една држава не може да има развој бес производство, податоците ќе бидат уште покатастрофални. Оттаму се наметнува прашањето зошто во Република Македонија немаме странски вложувања. Дали причината, за тоа е немање доволно идеи и проекти? Дали е лошата законска регулатива, која не е стимулативна за странските вложувања? Лошата економска политика, која ги одвраќа странските вложувања. Или пак нешто трето,

или се ова заедно, очигледно дека Владата досега не изградила стратегија , како да се привлече странскиот капитал и не се донесени конкретни мерки како тој да биде привлечен и покрај тоа што се согласувам дека сигурно постоеле објективни тешкотии, меѓутоа колкава диспропорција меѓу странските вложувања во РМ и другите земји е навистина алармантна.

Од извештајот може да се види дека имаме многу мал прилив на готови пари, па очигледно приватизацијата е неинтересна не само за странците туку и за домашните лица. Ние веќе расправаме овде со месеци за случајот со штедилниците, но очигледно дека тие системски мерки биле по привлечни за граѓаните да ги вложат своите пари во штедилниците и во некои други обични штедни отколку да откупат акции, или пак да вложуваат во приватизацијата. Значи, можеме да извлечеме заклучок дека со- сема е јасно овој соодност на вложување имало и домашен капитал меѓутоа 1 тој не завршил во приватизација бидејќи таа не била атрактивна за граѓаните.

Од приватизацијата, како што се гледа од извештајот нема некоја корист, ниту пензиониот фонд бидејќи во него имаме речиси не-значителен прилив. Во извештајот се наведува дека голем проблем е управувањето со приватизирани претпријатија ,бидејки имаме голем број на акционери кои го попречуваат ефикасното управување. Само кус период се зборуваше дека голем успех на приватизацијата се всушност бројните акционери.

Во прилог на ова прашање се наметнува и прашањето зошто не е донесен законот за инвестициони фондови кои се предлагаа од некои министри во поранешната Влада, уште пред две години, и зошто не се донесени стимулативни мерки за да отпочне циркулација со акциите на берзата.: Оваа циркулација одамна е заживејана во многу голем број земји во транзиција. Доколку дел од тие искуства се приемнеа кај нас јас

верувам дека немаше да имаме толку лоши ефекти од приватизација и дека овие берзи ќе заживееја.

Исто така не се доставени до пратениците забелешките кои беа изнесени на Владата во врска со приватизацијата, каде што беше сигнализирано на некои аномалии на начинот на остварување, поставени од некои поранешни членови на управниот одбор на Агенцијата и некои поранешни министри на Владата. Јас мислам доколку ги имавме тие забелешки и тие укажувања можеби ќе имавме и појасна слика за расправата.

Пратеничката група на Либерална партија, почитувани пратеници достави Предлог заклучоци во кои бара Собранието да го разгледа извештајот за работа на Агенцијата за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал и да оцени дека Собранието досега недоволно било вклучено во остварување на законска обврска за следење и контрола на процесот на приватизација , тоа што веќе беше кажано од некои пратеници а и од мене дека немаме извештај за 1995 година. За таа цел Собранието бара од Владата да одговори на повеќе прашања.

Пред се Владата да го дополни своето мислење бидејќи сметаме дека Владата без оглед дали има или нема своја обврска би требало да даде едно посеопфатно мислење за извештајот. Во тоа мислење да се одговори на неколку прашања.

- дали се остварени целите на законот за трансформацијата, кои беа пошироко изнесени во образложението при донесувањето на законот

- зошто дојде до отстапувања на законот?

- колку процесот на приватизацијата излезе надвор од контрола на Владата, на Собранието и на некои други органи односно дали тој стихијно се одвива, или пак, не; и

- со ова дополнето мислење на Владата сметаме дека би имале поцелосна слика и поцелосен увид за состојбите на приватизацијата.

Оттаму сметаме дека овие заклучоци би требало да бидат усвоени за што ќе стане подоцна збор.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господин потпретседателе, дами и господа пратеници, почитувана госпоѓо,

Извештајот што е понуден од Агенцијата за приватизација во вид на една добра анализа на состојбите и се поврзано со законот и стварноста каква што е сега, сметам дека заслужува внимание да се разгледа, да се прочита, да се анализира затоа што до сега многу тешко доаѓавме до вакви податоци. Мораме да признаеме дека во овој дом многу малку се зборуваше за овој многу важен сегмент од нашиот живот.

Многу ми е тешко, лично мене кога овде слушам и некој се однесува малку ноншалантно, зборува дека не го интересира политиката, односно ова не е политичко прашање, туку,ете ова е економија, економијата е во прашање. Мора да разбереме дека приватизацијата произлегува од политичките односи во било која земја, па и во нашава земја и знаевме уште кога ја создадовме државата дека ќе имаме големи потешкотии, особено по ова прашање затоа што немаме урнек, примерок да видиме каде како се изврши ваква приватизација при услови на постоење 50-годишно искуство, 50-годишно однесување кон основните средства, кон доходот, законските, договорени обврски кон државата, кон вработувањето итн.

Без и трунка економичност во работењето, во споредба со она што сакаме да постигнеме сега не можеме да привлечеме странски капитал. Мора да знаеме дека ова време е време на создавање на газди и наемни работници. Иако имаме, во наши веќе приватизирани мали, големи и средни претпријатија удели, мислевме дека со тие удели ќе создадеме една посебна подлога за да можат тие наши поединечни, зборувам за работниците, да се ангажираат многу повеќе отколку до сега, да почувствуваат дека имаат свој дел внатре во фабриката и кога ќе биде

тромесечната, шестмесечната на крајот на годината пресметка да се почувствува многу постабилен, посигурен затоа што знае дека вложил многу поголем труд и дека ќе добие дивиденда ќе добие остаток. По покривање на сите материјални и други трошоци и давачки до вкупниот приход, ќе добие остаток.

Меѓутоа, што стана? Многу ретки се тие претпријатија, приватизирани претпријатија каде работниците делат нешто, земаат нешто повеќе од тоа што очекуваат. Многу ретко прифаќаме една анализа овде, во нашево Собрание во нашава држава и едно барање како на пример, на два пати беше поставено едно прашање до Владата што мислам дека и Агенцијата треба да го апострофира каков е органскиот состав на нашиот капитал во РМ. На пример, не е добиен одговор колку од основните средства се старо железо и што ќе поделиме таму, што ќе приватизираме. Не знаеме колку од основните средства може со реконструкции, модернизации да постигнат ефекти компатибилни на западните машини, на западниот свет? Воопшто никакво податок не добивме колкав дел од нашите основни средства во моментов можат да се носат во се со Запад? Да кажеме продуктивноста на трудот по работник, економичноста, а тоа значи и поголем поттик, поголем вртеж на средствата и на крај поголем профит. Такво нешто овде не сме добиле.

Што има сега да расправаме дека надвор имаме многу безработни, овде не критикуваат, ја критикуваат државата, Владата. Владата не чини Затоа што друга Влада ако дојде сигурно ќе каже колку има од основните средства што се старо железо, или треба да има мала или голема реконструкција или ќе добијат пари и со тоа ќе се произведе не знам колку, а пред тоа ќе се најде пласман, затоа што без пласман нема ниту реконструкција, ниту модернизација на овие средства, ништо ако нема пласман. Затоа нашите машини стојат затворени, фабриките затворени, машините затворени. Појдете во фабриката за чевли во Скопје

ќе видите дека машините се покриени. Не се користи капацитетот нема пласман. Дали нашиот менаџмент е подготвен да може да се вклопи во се она што сакаме ние како пратеници да разговараме овде, односно порано, што сакавме да направиме при создавањето на нашава држава.

Ако уште на почетокот, 1990-1991 година беше поставено едно интересно прашање, дали може нашата Влада да даде еден преглед и да каже од целото стопанство во РМ, како една фабрика, колкава е активата и пасивата? Простете, ама не знам колку луѓе тоа го разбираа тогаш. Затоа што, ќе ви кажам, иако, простете г-дине министре, климате со главата, јас работам во една фабрика и во мојот сектор има посебен ресор што води статистика, евиденција, па секој месец дава колку е производството, реализацијата, колку од земјата, колку надвор, колку на конвертибилно, колку на клириншко подрачје, колкави се залихите итн. итн. Се, основните средства, трошоците итн. Сето ова во Заводот за статистика. Тоа значи со малку поголем напор нашиот Републички завод за статистика може да каже колкава е активата и пасивата. Со што располагаме.

Ние малку лутаме, иако го девалвираме законот за вредност, девалвираме затоа што измислуваме разни шуплини во законот, употребуваме разни, таму, капитал што лежи, за кој велат дека е ограбен во државата и должиме милијарда и повеќе долари на штедачите. Никој овде не излезе да каже дека тој наследен долг е даден за таму и таму дека затоа должиме и оттаму користиме средства за мали пари купување на скоро цела фабрика.

Сметам дека нашата Влада, нашето Собрание не треба повеќе да се бави, многу повеќе време да изгубиме ние овде со прашања што се вака политичко препуцавање едни кон други заради власта и заради ниски удари. Не е тоа добро. Јас зборувам како пратеник. Партијата

ја оставам на страна. Меѓутоа, ако ја гледаме државата, Република Македонија дали РМ еднаш ќе излезе од овој ќорсокак, овие безработни да се намалат, да влезат внатре во фабриките, односно дали нашиот менаџмент ќе најде соодветен пазар за пласман на тие производи што ќе бидат и по квалитет и по економичност и по се исти, односно компатибилни на Запад. Да привлечеме стран капитал? Како да привлечеме стран капитал ако нашиве основни средства не го даваат она производство што го дава производството на тој капиталист што сака да речеме, да купи нешто, исто, слично. Јас знам една нова фабрика кај нас во Македонија,со годишно производство од 14.500 тони, а во Австралија со исти такви машини 24,5 илјади тони годишно производство со 91 работник, а не со 338. Ова е вистина, јас сум работел во таква фабрика.

Сакам да кажам дека кај нас ни треба создавање нова општествена свест, тука,во мозокот затоа што не можеме веќе вака. Не може, еден колега овде рече, она социјалистичкото, ако технолошки на оваа машина овде треба 5 ќе вработиме 15. Двајца мои, двајца твои, двајца на оној и така. Тоа не може. Мора не 5, туку 4,5 да работат за да бидеме економични, за да бидеме конкурентни на пазарот. Само така нашите извештаи од Агенцијата за приватизација, односно со вложувања во инвестиции ќе бидат подобри. Нема Македонија во целост да вреди колку што зборуваа пред малку колегите пратеници, стварно дали толку, воопшто, што создавале 50 години толку вредиме, толку милиони марки? Тоа е за срамота, за државата, под честа ми е да го прочитам тоа. Се ми е потцртано ( го покажува извештајот на Агенцијата).

Сакам да кажам дека треба да се најде и да се направи еден пресврт во нашето однесување кон процесот на трансформацијата. Бавно оди трансформацијата. Бавно прифаќаме нови работи. Уште сме со едната нова не знам каде, а половина нова тука некаде, во фабрика, во дворот или надвор и викаме "ура","уа".

VIII/5.-

Покрај ова што ни пречи многу, плус ни пречи и една друга работа што како политичари, колеги, јас знам за Меѓународната конференција во Брисел, на Комисијата за надворешно -политички прашања разговаравме и на едно поставено прашање одговорот беше оваков: Да, сето ова што се случува во Скопје, во Македонија па дури и децата надвор што се ќе ни пречат на таа донаторска конференција. И, што добивме? Ми пречи заради тоа што луѓето немаат доверба. Со кога ќе работиме понатаму? На кого ќе довериме, кому ќе дадеме неповратни средства? Нам ни треба голема еманципација. Ако не знае човек што значи еманципација нека земе речник и нека прочита. Тоа значи рамноправност, рамноправност но во што? Рамноправност и постигнување на ефекти такви какви што постигнале другите. Но, пред се да бидеме за Македонија.

Ако сме за Македонија тогаш треба да ги видиме законите што ги донесуваме овде и сигурно успехот нема да изостане. Некаде 1990-тите години јас мислев дека некаде за 5,6-10 години од оваа наша Македонија во која никој немаше доверба, јас мислев дека за едно десетина години Македонија ќе стане еден мал Сингапур, да речеме еден Хонг Конг, примерно, знам дека не може, далеку сме од таму, или да не спомнувам други. Меѓутоа, некако линијата е надолна. Одиме долу. Тоа е штета за сите нас, штета за поколенијата што доаѓаат после нас.

Инаку, го прифаќам Извештајот. Јас не знам дали Агенцијата е крива или некој друг, треба многу повеќе пати ова да го гледаме. Ова треба да биде централно внимание, да ни одзема централно внимание. Ако ова успее, ние успеавме. Ако ова не успее, ние само ќе се караме овде кој ќе дојде на власт. Ништо повеќе.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господин потпретседателе, дами и господа почитувани пратеници,

Се извинувам што ќе земам дел од вашето време, меѓутоа мислам дека темата е вонредно значајна и второ, се разбира, во дискусијата имаше определени прашања што, дефакто, директно беа упатени до самата Влада. Ќе се обидам кусо и ударно да прокоментирам и дел од тезите и прашањата што беа овде поставени.

Сакам да самиот почеток да се согласам со сите пратеници што кажаа и мислам дека тоа е сосема јасно дека процесот на приватизација е вонредно комплексен процес, дека е долгорочен, долготраен процес и дека е противречен процес. Би додал и тоа дека станува збор за процес кој што по природата на нештата, на самиот почеток кога се постави секаде се поставуваше како ризичен процес, бидејќи вакви примери на ваква масовна приватизација каква што имавме во сите поранешни социјалистички земји немаше никаде во светот. Однапред не можеа да се знаат ниту економските, ниту социјалните консеквенции до крај, со определена доза на ризик, значи, сите поранешни социјалистички земји влегоа во овој процес, водени од мотивот дека државната односно општествената сопственост над средствата за производство, барем како што до тогаш покажуваше практиката не може да даде по- големи ефекти, не може да ја зголеми ефективноста во работењето на стопанството.

Затоа што е противречен, противречни се и оценките. Ако внимателно ја следевме денешната дискусија ќе видевме колку се противречни и оценките дури и на исти дискутанти во оваа расправа.

VIII/7.-

Своевремено кога ја обавува функцијата претседател на Управниот одбор на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал имав можност еден кус период да престојувам во Германија. Целта и задачата беше да ги следиме искуствата во приватизацијата таму, во Источна Германија, земја што прва влезе во процесот на приватизацијата и која што зад себе го имаше капиталот на една од економски најјаките земји во светот, тогаш Западна Германија. Тринаесет илјади претпријатија за релативно кус временски период таму се приватизираа. Преку 60% од сите случаи на приватизација имаа судска разврска. Во услови каде што имавте огромен капитал, со инвеститори, претприемачи, капиталисти со огромно знаење за да ги реструктуираат претпријатијата.

Чешка, никој не може да оспори, по резултатите што ги постигна, ефикасноста што ја постигна како земја во транзиција, обично највисоко се вреднува во извештаите на Европската банка, Светската банка итн. Меѓутоа, весниците таму исто така кажуваат и зборуваат дека самата приватизација беше доминантен модел, масовната приватизација дека била грабеж.

Од друга страна, сите резултатите кажуваат дека сепак е тоа земја што постигнала многу вредни резултати. Во книгите по економија Велика Британија, иако не се сосема споредливи работите ќе остане позната во овие дваесетина години како класичен пример на приватизација, што е цитирана во целата стручна и економска литература Маргарет Тачер за 10 години приватизира огромен државен капитал и во Буџетот собра 36,7 милијарди фунти. Тоа е преку 50 милијарди американски долари. остро беше критикувана Владата на Маргарет Тачер дека по многу ниска цена го продала државниот капитал, за што други оценки ; кажуваат дека тоа не е точно.

Сакам да кажам дека објективни и релевантни оценки навистина бараат и специфичен фонд на знаења, бидејќи ова е и многу стручна и многу професионална проблематика.

Јас апсолутно се согласувам, ми се чини дека г-динот Коцевски кажа, сега не можеме ние да разговараме за моделот на приватизацијата. Собранието прифати модел и техники на приватизација по кои што се одбива процесот кај нас. Меѓутоа, ако сакаме почиста, можеби, да ни биде совеста, јас ќе ве потсетам на една констатација што одамна произлезе од еден значаен состанок на информационите мрежи на агенциите за приватизација на земјите во транзиција. Таму се вели дека во сите поранешни социјалистички земји, сеедно дали се употребил модел на масовна приватизација или модел на комерцијални пристапи, како што имаше Македонија, Унгарија, Естонија и некои други земји, се приватизираа огромни капитали. Меѓутоа, секаде се подеднакво тешки постприватизационите процеси. Тука се проблемите. Дали се употребиле моделите на масовна приватизација или овој модел што ние го имавме, комерцијалниот, секаде има големи финансиски проблеми, претпријатијата што се приватизираат имаат големи финансиски дубиози, сериозни проблеми во управувањето, сериозни проблеми со организацијата на процесот на производството итн. итн. Тоа само се потврдува со факти, со аргументи дека станува збор за сложен процес и дека приватизацијата, сама по себе не е универзален лек за се,што како проблем постои во претпријатијата.

Дали имаме платена приватизација? Или станува збор за грабеж? Мислам, оценки: грабеж,приватизацијата кај нас е грабеж се премногу паушални и да не кажам несериозни и може тука да се зборува и со факти и со аргументи. Една сума што сега пред малку директорката ја спомна од околу 207 милион германски марки не е за потценување.

Сега, не е во кеш. Ако не е во кеш е во таканаречено старо девизно штедење. Република Македонија во периодот од осамостојувањето до денеска успеа 400-500 милиони да го намали внатрешниот долг по различни основи. Очигледно дека учеството на приватизацијата и придонесот на процесот на приватизацијата за намалување на тој долг, на тоа старо девизно штедење не смееме да го потцениме. На тој начин решаваме еден многу значаен проблем. Го решаваме така и го решаваме, како што добро знаете почитувани пратеници и преку готови пари од Буџетот. 962 милиони денари минатата година плативме по тој основ и толкав е планот и за оваа година. Според тоа, тој проблем е многу тежок, но постепено се развлекува. Заради тоа сега нема готова пара или не толку колку што би сакале ние да има. Меѓутоа, исто така, ако сакаме да бидеме објективни и реални, секој оној кој добро го познава законот и моделите треба да се сети на фактот дека сите модели кај нас се среднорочно профилирани.

**ТАКИ ФИТИ:** (Продолжоние)

Повеќе од 360 претпријатија се приватизирани оваа година. Потребни се 5 години за да се вратат парите според постојните модели, во најголемиот број случаи. Пет години трае процесот на враќањето на парите, според тоа, и во наредниот период треба да се очекуваат ефекти во државната каса. Во онаа мера во која ќе има кеш ќе има и пари. Меѓутоа, сега е веќе јасно дека и оваа година нема да има многу кеш пари. Пак ќе оди повеќе преку замрзнати девизи, преку користење на обврзниците и слично. Во врска со ова, при самите проценки, бидејќи грабежот често- пати се врзува со проценките, Македонија е една од ретките земји екс- социјалистички која што има проценка на општествениот капитал во нашиот случај, пред да се влезе во процесот на приватизација, а во многу други земји тоа го нема.

Исто така, мислам дека се многу паушални оценките ако се докаже дека по правило капиталот е потценет. Може да се кажат многу случаи и примери во Агенцијата, стручните луѓе тоа можат да го објаснат каде што капиталот беше преценет. Меѓутоа, преценетиот капитал нема никој да го купи. Знаете ли колку беше проценката на Железара? 800 милиони, ако не се лажам,германски марки. Тоа е апсурд, ако излезете со таква проценка. (Во меѓувреме претседателот Тито Петковски влезе во салата и го зазеде преседавачкото место). Јас го тврдам ова со аргументи, бидејќи како претседател на Управниот одбор во тоа време знаев како и на кој начин се врши проценката. Има два типа на модели, кои функционираат во стопанството на Република Македонија - едниот тип е коригирана книговодствена вредност, не е ова книговодство што ние го имавме, туку се правеше сосема поинаква класификација на позициите во активата и пасивата во билансите на претпријатијата. Книговодствена вредност, па се употребува динамички методи и се покажа законитост кај многу претпријатија, кои имаат горе-долу иста

големина во иста бранша дека се, иста вредност се покажуваше. Горе долу еднаква вредност имаше. Сега дека има субјективизам во проценките, апсолутно, луѓето што се занимаваат со тоа знаат дека меѓу другото и субјективна работа е проценката на претпријатието. Меѓутоа, претпријатието вреди толку колку што може да носи профит. Она што ние мислиме дека претпријатието има огромна вредност ако има здрави хали не знам колкави, тоа е апсурд. Такви претпријатија, ако не носат профит, многу малку вредат. Тоа се потврдува во практиката многу пати. Да не се враќам сега, но го памтите сите случајот со ФЕНИ, кога една позната фирма ФАЛК0М- БРИЏ бараше со 50 милиони да влезе и да го реактивира, ние тогаш велевме чекај, нас не чинеше ФЕНИ 500 милиони. А камо среќа да го активиравме Фени 1989 година!

Според тоа, работите стојат малку поинаку отколку што некогаш сакаат да се прикажат заради овој или оној мотив.

Дали е приватизацијата брза кај нас. Извинете, меѓутоа со овие модели и техники кои Собранието на Република Македонија и постојниот закон ги нуди, јас можам да ви кажам дека е пребрзо. Погледајте ги моделите и целата техника и процедура, ќе видите што бара тоа. Каква документација треба во Агенцијата да дојде, за да помине целата процедура што е врзана со приватизацијата. Прво самата проценка колку време трае, каде што се ангажираат економисти, правници, инженери, технолози и тн. Ве молам, за четири години Агенцијата има 1000 претпријатија приватизирани и јас навистина не знам, не верувам дека сум субјективен, тоа често пати го истакнувам. Ние можеме да се гордееме со една агенција и со луѓе внатре кои се стручни и кои навистина извонредно добро ја вршат работата, со многу малку бирократија, со многу малку администрирање, просто затоа што е нова

институција и се формира со нови луѓе, млади и многу стручни луѓе кои со еден голем ентузијазам работеа. Дека има проблеми, дека има неправилности тоа е факт и тоа не може да се негира, бидејќи сега вакви оценки какви што јас давам, ако тие работи не се спомнат, пак би биле необјективни. Дека има и поединечни случаи каде што е потценета вредноста или некаде натценета, дека има неправилности при донесување на одлуките, дека имало притисоци од страна на директорите уште кога постоеја интерни акции, дека мораше и Министерството за внатрешни работи во низа случаи да се ангажира во тие претпријатија каде што тоа беше, тоа се факти за кои и весниците пишуваа. Меѓутоа, сепак на поединечни случаи не може да се градат генерални и брзоплети оценки.

Често пати се поставува прашањето за ефикасноста. Видете, да не речам по малку е смешно да се зборува сега за ефикасноста во период кога процесот на приватизација уште не е завршен. Оваа година излегоа дефинитивните сознанија од процесот на приватизација во Вели- ка Британија и ефектите таму дојдоа по 15 години. Вистинските ефекти од приватизација во Велика Британија, што има заокружен и комплетно изграден систем на пазарна економија, дојдоа по 15 години. Кај нас уште имаме случаи каде формално правно е започнат процесот, меѓутоа, самата приватизација ќе тече. Уште во првата програма што ја направи господинот Ченто стоеше дека таа не е универзален лек и дека е предус- лов за зголемување на ефикасноста. Целиот систем треба да се измени и тој систем се менува, реформите течат во Република Македонија. Меѓутоа недостасуваат уште многу закони, има уште многу проблеми и слично. Дека е противречен проблем и дека се противречни оценките ќе ве потсетам и заради уште еден друг момент. Ако ги погледнете нашите медиуми, очигледно најкритикуван од оние што мислат дека овој модел на приватизација што го прифати Македонија не е вред, е моделот"менаџмент бај-аут", односно преземање на управувањето од

страна на неколку лица на директорите итн. Меѓутоа, ТО модел што беше профилиран бидејќи создава доминантна сопственост. А сега сите ние овде се жалиме, повторно направивме многу широка акционерска сопственост а немаме доминантен сопственик. Доминантен сопственик може да има преку овој модел. Има и еден друг модел кој што даде доминантна сопственост, дополнително вложување на капитал кој што може така да се профилира. Него многу не го критикуваат, а овој друг го чепкаат повеќе од било кој - ете, најдобрите фирми појдоа, директорите ги украдоа тие фирми, што навистина е многу паушална оценка. Јас ќе ве потсетам дека многу директори појдоа таму, појдоа со "менаџмент бај аут", се обидоа еден тим од 5, 6 или 7 луѓе да го преземат управувањето, но застанаа и го прошириja пакетот на акции на сите вработени, затоа што немаа пари да платат. Н еможе тој што ја знае добро техниката, не може приватизација без плаќање пари. Според овие модели и според тие закони, такви какви што се во Република Македонија. Дека има поединечни случаи на изигрување јас нем ожам да спорам, тоа се факти, аргументи, меѓутоа, генералните оценки мора да се базираат на она што кај нас е доминантен модел и кој што тече во практиката. Ќе мораме да почекаме дна ефикасноста, меѓутоа, никогаш нема да дојде ефикасноста ако натаму не се забрза процесот на разрешување на постприватизационите проблеми со кои се соочија сите претпријатија.

Да не должам многу, бидејќи Подолго време зборував, сакам да кажам една работа што беше поставена овде од пратениците. Нема програма од страна на Владата и тоа е точно, мислам дека не е добро затоа што тоа е законска обврска. Еве јас ќе потсетам во нашиот закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, ако добро се сеќавам а мислам дека добро се сеќавам, стои дека Агенцијата откако ќе

ги додмири трошоците на сопственото работење, парите ги става на посебна сметка и тие може да се трошат врз база на програма што ќе ја усвои Собранието на Република Македонија и притоа намените се јасно определени. Првата намена е враќаше на внатрешниот долг, втората намера е враќање, сервисирање на надворешниот долг, трето, тоа се програмите за социјалните трансфери и четврто евентуално продуктивно вложување во претпријатија кои би имале перспектива да се инвестира. Мислам дека не е добро што досега Собранието не донело таква програма, односно Владата не предложила итн. Едно е факт, бидејќи јас ја следев работата како претседател на Управниот одбор, но едно е факт: досега тие малку кеш пари што се дојдени во Буџетот на Република Македонија евидентно се употребени главно за овие намени кои законот ги дава, бидејќи главно се замрзнатите девизи и малку ќеш што влегло тоа се за социјала, социјални трансфери. Меѓутоа, јас сакам да преземам пред пратениците таква обврска и едноставно да понудиме програма. Ние имаме планирано една стапка оваа година од 200 милиони денари кеш што мислам дека е малку нереално, меѓутоа остана така тогаш во Буџетот. Ние ќе понудиме веднаш, брзо програма за користење на оние средства што во кеш би дошле во Буџетот на Република Македонија.

Инаку, мислам дека имаме вонредно комплексен и би рекол многу добар извештај и она што мене посебно ми остави впечаток во тој извештај јас верувам дека грото од пратениците тоа ќе го споделат, тоа е фактот дека е многу објективен. Тука се прикажани резултатите реално, она што е навистина постигнато, меѓутоа, исто така се прикажани и проблемите кои дефакто постојат и се не се секојдневие и кои мораме со тек на време да ги решаваме во овој постприватизационен период, а во функција на натамошни реформи и заживување на растот и развојот, а се разбира со крајна цел зголемување на ефикасноста во стопанисувањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Чапов.

Пред тоа процедурално има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Се извинувам, но бидејќи министерот беше тогаш претседател на тој одбор таму, Скопскиот саем не го спомна и не даде одговор на тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова не е процедурално. За тоа вие можевте да се јавите за збор.

Господинот Чапов има збор.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседател,почитувани колеги министри, според бројот на пратениците можам да заклучам дека кога се дискутира за стопанството или земјоделството интересот е многу голем. Не би сакал да дискутирам за бројките кои се изнесени во извештајот на Агенцијата бидејќи досега беше доволно речено, но би се задржал на дел од извештајот кој се однесува на претпријатијата што се приватизираат преку акционерство и за аграрот.

Имено, уште во стартот на приватизацијата односно трансформацијата беа направени почетни грешки и тоа прво уште со изборот на моделот за приватизација со проценката на капиталот на претпријатијата кој беше предмет за приватизација. Усложнетиот систем на приватизација преку акционерство не даде никакви резултати, односно не ги даде очекуваните резултати. А зошто? Затоа што вработените во претпријатијата не ја познаваа оваа материја, не беа вклучени во истата, бидејќи постоеја повеќе аномалии акционерите во претпријатијата, како што е запишано и во извештајот обично го

пренесуваат своето акционерско право односно гласачко право на постојните управувачки раководства со цел за подобро на претпријатието. Меѓутоа, не знаејќи дали делумно или тотално ништо за начинот на приватизацијата, времето на приватизирањето, износот на акции без разлика дали се бенефицирани со попуст од 30% или не, вредноста на акциите и друго. Едноставно беа исфрлени од предметот акционерска приватизација. Поради тоа не дојде до промени во работењето, а се очекуваше. Не дојде до никакви промени во управувањето, се појави технолошки, економски вишок на вработените финансискиот состав на претпријатието се влоши, нема лични доходи, нема здравствено и пензиско осигурување и ред други работи. Од друга страна, вработените т.е. акционерите работници, акционерите управувачи, како да чекаа некој друг да им ги реши овие проблеми без никаква сериозност околу тој проблем. Резултат на сето тоа е целосна несигурност на вработените, претпријатија на граници на рентабилитет, негативен однос спрема трансформацијата од страна на раководниот кадар и на вработените, лоша информираност на акционерите, злоупотреба на управувачкиот тим, штрајкови, промена на раководни тимови и ред други работи, а Агенцијата исто за тоа се оглуши. Се прашувам зошто? Може да има одговор Агенцијата, но каков е. Во кои претпријатија да прашаш како оди приватизацијата, до каде е стигната приватизацијата, колку се приватизирани, ќе го добиеш следниот одговор: Едноставно толку сме должни на Агенцијата или толку не прифати агенцијата или целосно сме должни на Агенцијата или поголем дел од капиталот на Агенцијата итн. Од друга страна Агенцијата за приватизација и трансформација на општествениот капитал молчи. Не ги искажува последиците т.е. погодностите од приватизацијата на вработените, не на управувачкиот тим. Не го кажува стечајот во претпријатијата, кои се позитивни односно негативни страни од стечајот, соодносот, погодностите при стечајната постапка или приватизација на

претпријатијата во стечај. На крајот се сее сведува на едно, да страдаат оние кои сакаат чесно да си го заработат лебот, оние што не водат политика во претпријатието, што ги слушаат раководните тимови односно раководителите и можам слободно да кажам кај нас сеуште има производители во доволен број кои се квалитетни и вредни, меѓутоа секојдневно ги губиме.

Драги пратеници, да заклучам, на крајот не ни требаат вака приватизирани претпријатија кои ќе бидат нерентабилни после приватизацијата,на кои машинскиот парк им се демодира, произведуваат ниско акумулативни производи, неконкурентни за европскиот пазар, едноставно нееокономични.

Не би сакал да ја напуштам говорницата, а да не кажам збор дава за претпријатијата односно трансформација на земјоделските комбинати, земјоделските задруги и друго, без разлика дали стопанисуваат со општествено земјиште или не. Зарем не е за чудење што една држава како Македонија која е конкурентна на европскиот пазар со земјоделски производи, без разлика на какви производи и тоа според околностите имаме доволно и квалитет и квантитет од една страна, а од друга страна кога ќе ги погледаме земјоделските комбинати, кој е во тотален пропаст, кој е на граници на рентабилитет итн. Не е за чудење зашто ако постојат низа недонесени законски одредби, кои делуваат на сегашната работа на аграрот и воопшто како што е доцне1&е со донесување на Законот за приватизација на аграрот, не донесување на Законот за денационализација во комбинатите кои стопанисуваат со општествено земјиште и друго тоа се адути кои требаше позитивно да делуваат на полесна и поедноставна приватизација на капиталот во аграрот. Меѓутоа, можеме да заклучиме дека на некого повеќе му одговара вака кога не се дефинирани, бидејќи ако постојат и некои оправдани причини, повеќето се неоправдани.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:** (продолжение)

Како доказ на ова би го изнел следното: Задругите кои не работат со општествено земјиште, досега требаше најбрзо и најпозитивно да бидат решени , иако законот доцнеше односно требаше да бидат приватизирани, бидејќи постоеја сите погодности и позитивности за нивната приватизација. Меѓутоа, дали не е чудно што во овие задруги сеуште не се знае , еве и ден денеска, сигурно ќе барам одговор, што е тоа општествен капитал а што е тоа задружен капитал. Бидејќи капиталот не е дефиниран во овие задруги без сопствено земјиште, не можат да бидат ни приватизирани, т.е. доцнат со приватизација.

На крајот се свел на една реченица , имено и порачувам на Агенцијата да се зафати со една системска преобразба на стопанството, преобразба и трансформација на општествениот капитал во стопанството од општествен во приватен. Едноставно тоа нема да се заврши, бидејќи тоа е тешка процедура, меѓутоа бара секојдневна работа, секојдневна контрола и поголем труд, за поголема успешност и поквалитетно приватизирање.

**ИЛИЈА КАРОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, претставници на Владата, Претставникот на Агенцијата за приватизација на претпријатијата со општествен капитал г-ѓа Верица Хаџивасилева-Марковска, во своето излагање изнесе дека досега се приватизирани 1000 претпријатија, со вкупно 176 илјади вработени.

Бидејќи не разбрав, јас би ја прашал г-ѓа Хаџивасилева да ми каже за следното:

Колку од спомнатите 176 илјади вработени во приватизираните претпријатија се сега без работа и се наоѓаат на бироата за вработување.

X/2

Понатаму, од споменатите 1000 претпријатија, приватизирани колку од нив сега се под стечај односно веднаш после приватизацијата тие заминаа во стечај.

Почитувани пратеници

Јас го подржувам процесот на приватизација на претпријатијата со општествен капитал, но не ме мачи како тоа што беше направено во голем број претпријатија.

Убеден сум дека во голем број претпријатија се изврши политичка приватизација. Се бараше купувачите да бидат партиски опре- делени и така Агенцијата се стави во функција на политика.

Програмите за приватизација и стручноста на понудувачите воопшто не се земаше во преден план, а најмалку се водеше грижа за иднината на приватизираните фирми. Не се водеше грижа дали тие идни сопственици и управувачи на приватизираните фирми ќе го продолжат процесот на производството или пак ќе ги затворат вратите на вработените. Наместо тие , со обврска да ги задржат уште најмалку пет години на работа, по приватизацијата, тие беа веднаш избркани од работа.

Јас би се послужил со еден лош пример на приватизација.

Се работи за скандалот околу приватизацијата на фирмата "Шампињони" од Кочани.

На повикот за приватизација на "Шампињони" од Кочани беа доставени две понуди со модел на приватизација, дополнително вложување со 30% од проценетета вредност. Беа доставени две понуди.

Првата понуда беше физичко лице со завршено осмо одделение, стручност тишлер, од чија страна беше понудено 100 ДМ за една акција и истата на многу пониски лични доходи по вработен . Програмата за развој на фирмата "Шампињони" крајно нестручно изработена. Оваа понуда не беше прифатена од вработените во фирмата "Шампињони" односно од нивниот Управен одбор, а плаќањето беше предложени и се изврши со заробени девизи.

Втората понуда почитувани пратеници беше со повисока цена по една акција од 101 ДМ, по една акција, повисока понуда, за личниот доход по вработен, програмата беше крајно стручно изработена со јасна визија за развојот на Шампињони и на крај, со најголемо научно и стручно образование на понудувачот.

Оваа Програма од понудувачот, беше прифатена од Управниот одбор на фирмата "Шампињони" а плаќањето беше предложено да се изврши во кеш без заробени девизи.

Епилогот, почитувани пратеници беше политички и катастрофален. Агенцијата со своите стручни служби не го почитуваше мислењето и одлуката на вработените во Шампињони, па се определи за првата понуда односно првиот понудувач.

Фирмата беше приватизирана, а пет до шест месеци подоцна оваа фирма отиде во стечај. Сто вработени беа избркани од работа, процесот на производството беше прекинат и вработените отидоа на бирото за вработување, односно на товар на државата, наместо тие да останат уште пет години во фирмата.

Така, почитувани пратеници првата најголема и најдобро опремена фирма за производство на печурки во РМ односно во Кочани, сега е затворена и не работи, а се разбира приватизирана .

Такви и слични грешки на Агенцијата за приватизација и на Владата се направени кај повеќе фирми и претпријатија во РМ. На тие политички одлуки и грешки еден ден народот ќе им суди.

Од тие причини доставениот извештај на Агенцијата за приватизација на претпријатијата со општествен капитал, не можам да го прифатам бидејќи очекував дека приватизираните фирми односно дека целта на Владата и на Агенцијата за приватизација е фирмите да бидат приватизирани и да бидат во функција на поголемо вработување, да

биде производството продолжено, усовршено, современо, а во никој случај производството да биде прекинато, фирмите да отидат во стечај , што значи, од една добра средина, од едни добри фирми се направија сега многу лоши, со лоша продуктивност, по мене една крајна негрижа, едно недоволно внимание понатаму за судбината на овие фирми. Едноставно Агенцијата и Владата немаат слух и немаат, можеби, и желба и не е, можеби нивната цел да се грижат и да ја следат развојната програма и развојот на тие приватизирани фирми. Нив тоа воопшто не ги интересира. Едноставно, како така во број , пред светската јавност да се каже имаме толку приватизирани фирми со толку вработени, пари од тоа нема ништо, а сепак БО бројките се големи и пред јавноста имаме едни помпезни резултати.

Меѓутоа, она што се случува сега со приватизацијата во РМ кај голем број претпријатија, не говорам дека тоа е направено апсолутно секаде, во сите претпријатија. Мислам дека е направена една историска грешка, една историска неправда спрема луѓето кои инвестирале во тие развојни програми, во тие фирми и кога сега тие требале да го очекуваат благодетот од тоа инвестирање, во развојот на фирмите, тие дојдоа во ситуација вработените и нивните семејства да останат без основните финансиски средства за егзистенција.

Почитувани пратеници, за такви извештаи како што е овој , за ваква работа на Агенцијата која само сувопарни бројки ни презентира во својот извештај, јас лично не можам да се согласам. Такви извештаи напишани на неколку страници, исто така, за мене се нелогични , не одговараат на времето во кое сега се наоѓаме, не се во функција на првобитно зацртаната програма за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и таква програма и таква работа на Агенцијата апсолутно не можам да ја прифатам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам овде да прекинеме со расправа. Имаме обврски, имаме гости од САД, една група конгресмени и треба со нив да разговараме.

За продолжението ќе ве известам дополнително.

(седницата заврши со работа во 18,15 часот)